# ИЗВЕШТАЈ ОД КОНСУЛТАЦИИ СО ЈАВНОСТА

# ПО

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

# ЗА

# ДЕТАЛЕНУРБАНИСТИЧКИПЛАНЗАУЗ 2, УБ 2.3 –ОПФАТ 7, ОПШТИНА ОХРИД

# ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028

**Март, 2025 година**

| | |
|---|---|
| План: | **ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.3 – ОПФАТ 7, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028** |
| Документ: | **Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Детален Урбанистички План за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028** |
| Имплементатор на проектот: | Општина Охрид |
| **Подготвувач и потписник на Извештајот од консултации со јавноста:** | **Општина Охрид** |
| | Раководител на одделение за планирање и управување со заштитени подрачја и други заштитени делови од природата<br>Јасминка Т. Момироска |
| Датум: | 17.04.2025 год. |

## СОДРЖИНА

**1 ВОВЕД....4**

**2 ПРОЦЕДУРА....4**

2.1 Известување на јавноста .... 5

**3 ЈАВНА РАСПРАВА ....9**

2.1 Одговор на забелешките добиени на јавна презентација и расправа на Извештајот за СОЖС 9

**4 ЗАБЕЛЕШКИ ДОСТАВЕНИ ПО ПИСМЕН ИЛИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ....10**

4.1 Жители од општина Охрид доставија коментари, кои се против донесува на овој ДУПза УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028. .... 10

4.2 По нацрт извештајот за СОЖС и урбанистичкиот план, доставени се коментари/забелешки од Охрид SOS (прикажани во Прилог 2).Одговори по однос на истите се дадени во продолжение.... 13

**5 ЗАКЛУЧОК....37**

### Листа на прилози

Прилог 1 - Записник од одржана јавна расправа и листа на присутни .... 38

Прилог 2 - Доставени забелешки по електронски пат.... 49

# 1 ВОВЕД

Општина Охрид спроведе постапка за стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во рамките на која изработи Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028.

Во рамките на постапката за СОЖС, по завршување на периодот на учество на јавноста, Општина Охрид како орган одговорен за изработка на планскиот документ изготвува Извештај за консултации со јавноста, во согласност со член 69, став 5 од Законот за животната средина („Сл. весник на Р.С. Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22) и член 10 став 2 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 147/08 и 45/11).

Извештајот има за цел да даде одговор на сите коментари, прашања, мислења, предлози и забелешки, доставени од јавноста во текот на периодот предвиден за јавен увид на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина.

# 2 ПРОЦЕДУРА

Директивата за стратегиска оцена на животната средина (2001/42/ЕС) и Законот за животната средина („Сл. весник на Р.С. Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22), бараат одредени планови, програми и стратегии, за кои постои веројатност дека би можеле да имаат значително влијание врз животната средина, да бидат предмет на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС).

Во согласност со одредбите од Законот за животната средина и релевантните подзаконски акти, општина Охрид изработи формулар за утврдување на потребата од Стратегиска оцена на животната средина, врз основа на кој донесе Одлука за спроведување на Стратегиска оцена за животната средина (бр. 21-13584/2 од 05.11.2024 година) за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028, во понатамошниот текст и Планот.

Формуларот и Одлуката за спроведување на стратегиска оцена за животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028, беа објавени на web страната на општина Охрид и доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање. Истите беа прифатени од МЖСПП (доставено Известување арх. бр. УП1-15 2047/2024 од 20.11.2024 година).

Врз основа на гореспоменатите документи,Друштвото за Еколошки Консалтинг „ДЕКОНС-ЕМА“ ДООЕЛ Скопје го изработи Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028.

Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028, беше доставен до општина Охрид на 03.02.2025 година.

## 2.1 Известување на јавноста

Општина Охрид, како орган одговорен за изработка на планскиот документ, а во согласност со член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 147/08 и 45/11) обезбеди информирање и вклучување на јавноста. На 03.02.2025 нацрт Извештајот за СОЖС беше објавен на web станата на општина Охрид (Слика 1) и достапен на увид во просториите на Општина Охрид.

Во согласност со член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 147/08 и 45/11) општина Охрид ја информира јавноста и преку еден дневен весник, достапен на територијата на Република Северна Македонија (Вечер на 05.02.2025,Слика 1) во кој беа објавени информации:

- дека е изработен и ставен на увид во Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Планот (на web страната на општина Охрид и достапен во просториите на општина Охрид);
- е-маил адреса на која јавноста може да даде свое мислење;
- денот, местото и часот на одржување на јавна презентации и јавна расправа по нацртНацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Планот.

Во согласност со дефинираната постапка за Стратегиска оцена на животната средина во горенаведените правни акти, Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028 беше достапен за јавен увид на веб страната на општина Охрид во период од 30 дена од денот на објавување, како и во просториите на општина Охрид, секој работен ден од 7:30-15:30 h, во период од 30 дена од денот на објавување.

### ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.3-ОПФАТ 7, ОПШТИНА ОХРИД

февруари 3, 2025 | 0

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 51/11, 123/12 и 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 , 39/16 , 99/18,89/22 и 171/22) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 147/08), Градоначалникот на Општина Охрид

ОРГАНИЗИРА

ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.3-ОПФАТ 7, ОПШТИНА ОХРИД

1. Се информира јавноста дека ставен е на увид и јавна расправа Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за УЗ 2, УБ 2.3-опфат 7, Општина Охрид .
2. Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина е изложен во Одделението за заштита и влијание врз животната средина во Општина Охрид секој работен ден од 7:30 – 15:30 часот почнувајќи од 03.02.2025 год. до 05.03.2025 год.
3. Јавната презентација и јавната расправа ќе се одржи на ден 20.02.2025г.во малата сала на Општина Охрид,со почеток во 12 часот.
4. Правните и физичките лица и јавноста можат да го достават своето мислење во врска со Извештајот до Општина Охрид во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информација

Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење,забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина и истите можете да ги испраќате на е_маил : zivotnasredina@ohrid.gov.mk , или по пошта на следната адреса: Општина Охрид, ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид.

ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2.3-ОПФАТ 7, ОПШТИНА ОХРИД

**Е – ДАНОЦИ**

МОЈОТ ДАНОК ЗА МОЈАТА ОПШТИНА

ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ДАНОК НА ИМОТ !



**АКТУЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**



ЈАВЕН УВИД ЗА НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТИЊА И ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА

ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА СО НАМЕНА Е 1.1-ЛОКАЛЕН ПАТ ОД С. ЛЕСКОЕЦ ДО С. ГОРНО ЛАКОЧЕРЕЈ И С. ДОЛНО ЛАКОЧЕРЕЈ, КАКО НИЗ КО ОХРИД 4, КО ДОЛНО ЛАКОЧЕРЕЈ, КО ДОЛНО ЛАКОЧЕРЕЈ -ВОН ГРАД И КО ГОРНО ЛАКОЧЕРЕЈ-ВОН ГРАД, ОПШТИНА ОХРИД

ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА

вечер среда, 5 февруари 2025 ВЕСТИ 5



ЗВОНКО ДАВИДОВИЌ, адвокат

КОЛУМНА

# Време на монструми

По кој знае кој пат згасна млад живот на скопскиот асфалт, згасна по наша вина, вина и одговорност на сите нас што со децении молчиме и не го дигаме својот глас против оние што создаваат и негуваат монструми, празни човечки „љуштури", без срам, морал, одговорност. Молчиме и се потргнуваме настрана кога аздисано детиште малтретира цело одделение, кое е заложник на фрустрациите и на примитивизмот на родителите на малото монструмче, молчат и училиштата и наставниците, директорите креваат рамена. Молчат и центрите за социјална работа, кои се занимаваат со маргинални работи, невладините организации ги полнат буџетите преку квазипроекти за некакви квазиправа на децата, кои се сè повеќе невоспитани и насилни, обвинителството спие, а судот, како во театар, глуми правда и сите заедно, замижани, „ушушкани" во својата комфорна зона, дозволуваме да се создадат монструми.

Исплашени од примитивната настојчивост на фрустрираните и покондирани простачишта, кои глумат родители и кои по секоја цена го бранат својот мал монструм, без оглед што направил, нивната креација од креатура на човек добива видливи обележја на монструм.

Молчиме и се тргаме од простаците, кои го узурпираат сиот јавен простор со своите наметливост, бескрупулозност, силеџиство и гласност на збеснат пес. Се тргаме и ги наведнуваме главите пред примитивците и пред нивниот пород кога се буткаат во редиците во маркетите, кога возат како луди во сообраќајот, кога влегуваат од сите страни како да е нивна улицата, кога паркираат каде што ќе стигнат, кога фрлаат ѓубре од балконите, кога малтретираат цела кафеана со својот простотилак и „неотесаност", кога се нашите деца заложници на нивните деца, кога се закануваат јавно, изживуваат, аздисуваат, кога крадат, нè лажат, кога се богатат на наша сметка, кога го приватизираат и урриваат системот, ја присвојуваат државата, а нас нè сметаат за овци. Молчиме или тивко меѓу нас шепотиме за нивните примитивизам, простотилак, молчиме затоа што имаме воспитување, култура, морал затоа што така нè учеле, а тие, без срам и образ, тераат по свое, осоколени по секое наше премолчување, осилени се сметаат за недопирливи. Молчиме и дозволуваме да се создаваат монструми, кои се меѓу нас и кои се потенцијална опасност за нас, нашите деца, внуци.

Денес, во нашата држава владеат и опстојуваат скороевиќи, транзициски профитери, партиски апаши, безработници и безрбетници, со исклучок на поединци, кои се маргинализирани и етикетирани.

Извор на нивните приходи се државната каса, џебот на таткото тајкун, партиската каса, наместениот тендер или измамата и далаверата. Ние, како општество, веќе не произведуваме вредности, произведуваме безделничари, паразити, монструми.

Денес, за дел од некаква си умислена „елита" се сметаат татини и мамини синови што спијат до пладне и седат по кафулињата, не работат ништо, а возат коли во вредност на еден стан, партиски апаратчици што цицаат од државните јасли, фејсбук-ботови што мислат само со главата на пастирот што ги предводи, ситни измамници и крупни идиоти.

Во нашето општество, веќе не ги негуваме традиционалните вредности и доблести, не го негуваме она што нè определило и зачувало како народ, не ги почитуваме умот и моралот како во минатото, се срамиме од моралните и човечките вредности по кои сме живееле некогаш, славиме накарадност, искривоколченост, изопаченост.

Денешното општество, за кое некои имаат илузија дека постои како организирана заедница на луѓе во која владеат правила, ниту е организирана ниту е заедница на луѓе, туку е хаотична аморфна маса во која моралот и доблеста се исмеани, а политиканти, фејсбук-идиоти, партиски ботови, самонаречени инфлуенсери, морални креатури, ситни души и монструми што никогаш ништо не создале, ги создаваат правилата на однесување и вредностите поради кои пропаѓаме и страдаме.

Време е да прекинеме да ги вртиме главите, време е да го дигнеме својот глас, а, богами, и стап против сите овие создавачи на монструми и самите монструми за да не гинат повеќе нашите деца, за да не им згаснува животот поради тоа што дивее некој по улиците или им испукува куршум во тилот.

**(Редакцијата се оградува од ставовите на авторите изразени во колумните)**

ВЛАДАТА ДА ИЗДВОЈУВА ПОВЕЌЕ ПАРИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД РАК

# МЗ: Ќе може закажување скрининг на дојка и преку матичен

По повод одбележувањето на Светскиот ден за борба против ракот, Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените бара од Владата повеќе да издвојува од буџетот за превенција на здравствената заштита.

– Особено е алармантна состојбата со скринингот на ракот на грлото на матката, кој иако е воведен во 2012 година, не овозможува соодветна превенција. За успешен скрининг, потребно е да бидат опфатени најмалку 75 % од жените, но во 2023 година биле тестирани само 11 % од целната група. Недоволната распределба на финансиски средства (само 11 милиони денари годишно), недостигот на гинеколози во 40 општини, како и проблемите со електронското пријавување, ја загрозуваат ефективноста на програмата – соопштуваат од Здружението и бараат итно зголемување на средствата за скрининг на ракот на грлото на матката на минимум 35 милиони денари годишно.

– Поради тоа, секоја година од рак на грлото на матката заболуваат околу 200 жени, а во изминатите години, секоја година умирале меѓу 40 и 60 жени од рак на грлото на матката. Сите овие смртни случаи може да се спречат доколку имаме добро организиран и соодветно финансиран скрининг на ракот на грлото на матката, како и соодветен опфат со ХПВ- вакцинација на младите – предупредуваат од Здружението.

Од Министерството за здравство велат дека опфатот на скринингот на дојка од 2023 до октомври 2024 година е 12.473 жени, а за матка, опфатот е 50,529 жени, во тој период.

– Ова се податоци што укажуваат за значително зголемување на опфатот во споредба со претходните години. Во рамките на програмата за скрининг на дојка, се опфаќаат жени од 40 до 69 години, кои имаат можност да се пријават самостојно на интернет- страницата. Сега, со оваа програма во 2025 година, ќе се овозможи и закажување.

ОЈО БИТОЛА ПОДНЕСЕ ОБВИНЕНИЕ ПРОТИВ 40-ГОДИШЕН МАЖ

# Ја киднапирал, па ја тепал во викендичка во Нижеполе

Основното јавно обвинителство Битола поднесе обвинение против 40-годишен маж што ја заклучил својата поранешна партнерка во викендичка во селото Нижеполе, каде што физички ја малтретирал.

– Притоа ја удирал со тупаници, шлаканици и со клоци по главата и по телото, ја влечел за коса и телесно ја повредил. Не можејќи да го издржи насилничкото однесување, жртвата посегнала по нож и си ги пресекла вените на левата рака. И покрај тоа, обвинетиот продолжил да ја удира и да ја малтретира – пишува во обвинението против сторителот, кој се товари за противправно лишување од слобода и за телесна повреда од Кривичниот законик.

Обвинетиот е во бегство, за него е издадена наредба за распишување национална потерница и се испитува дали е избеган во странство.

Врз основа на член 108 став (1) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23,263/23,30/24,74/24 и 170/24), Одлуката на Управниот одбор за распишување на јавен конкурс за именување на директор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија-Скопје број 09-144/1 од 31.01.2025 година и член 18 од Статутот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија-Скопје, Управниот одбор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија-Скопје распишува

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**За именување на директор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија-Скопје**

Се распишува јавен конкурс за именување на директор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија-Скопје со мандат од четири години

I. Пријавените кандидати треба да ги исполнуваат следните услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна и потврда за прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има завршено високо образование од областа на медицинските или стоматолошките или фармацевтските науки, високо образование - дипломиран логопед, високо образование - специјалист по медицинска биохемија, високо образование од областа на економските или правните науки или јавно здравствениот менаџмент со најмалку 240 ЕКТС, односно најмалку VI А ниво согласно со Националната рамка на високообразовните квалификации;

4) има минимум пет години работно искуство во здравствена установа, односно во економијата, финансиите, правото или менаџментот или од системот и организацијата на здравствената заштита и здравственото осигурување;

5) понуди најквалитетна програма за работа на јавната здравствена установа и

6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

II. Во прилог на пријавата /која треба да содржи име, презиме, адреса на живеење, контакт тел. и меил адреса како и кратка биографија на кандидатот/ кандидатите треба да ги достават следните документи:

1. Документ/уверение дека е државјанин на Република Северна Македонија, издаден од надлежен орган и не постар од 6 месеци /оригинал или фотокопија заверена кај нотар/,
2. потврда од казнена/судска евиденција издадена од надлежен суд дека со правосилна пресуда не му е изречена казна и потврда за прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност /потврда од Централен регистар,во оригинали, не постари од 6 месеци
3. Документ за завршен степен и вид на образование/во фотокопија, заверена кај нотар/
4. Потврда за работно искуство од здравствена установа, оригинал
5. Програма за работа на јавната здравствена установа во која се јавува на јавниот конкурс
6. меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик /во фотокопија, заверена кај нотар/, не постар од пет години

III. Јавниот конкурс трае 15 дена сметано наредниот ден од денот на објавувањето.

IV. Пријавите заедно со прилог документите се доставуваат во затворен коверт-до Конкурсната комисија за избор на директор во архивата на јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хематологија-Скопје секој работен ден од 08,00 часот до 15,00 часот или преку пошта со препорачана пратка на адреса: ул. „Мајка Тереза" бр.17-Скопје.

V. Документите кои не се комплетни, Конкурсната комисија нема да ги разгледува.

**Управен одбор**
**ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија-Скопје**

**ОПШТИНА ОХРИД**

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 51/11, 123/12 и 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16, 99/18,89/22 и 171/22) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 147/08), Градоначалникот на Општина Охрид

**О Р Г А Н И З И Р А**

Јавна презентација и јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3-опфат 7, Општина Охрид.

1. Се информира јавноста дека ставен е на увид и јавна расправа Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за УЗ 2, УБ 2.3-опфат 7, Општина Охрид.

2. Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина е изложен во Одделението за заштита и влијание врз животната средина во Општина Охрид секој работен ден од 7:30 - 15:30 часот почнувајќи од 03.02.2025 год. до 05.03.2025 год.

3. Јавната презентација и јавната расправа ќе се одржи на ден 20.02.2025 г. во малата сала на Општина Охрид,со почеток во 12 часот.

4. Правните и физичките лица и јавноста можат да го доставаат своето мислење во врска со Извештајот до Општина Охрид во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информација

Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење,забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина и истите можете да ги испраќате на е_маил: zivotnasredina@ohrid.gov.mk, или по пошта на следната адреса: Општина Охрид, ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Кирил Пецаков**

ОПШТИНА ОХРИД

Врз основа на чл.69 од Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10, 51/11, 123/12 и 93/13, 42/14, 44/15, 129/15 , 39/16 , 99/18,89/22 и 171/22) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Службен весник на Р.М. бр. 147/08), Градоначалникот на Општина Охрид

ОРГАНИЗИРА

Јавна презентација и јавна расправа по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3-опфат 7, Општина Охрид .

1.Се информира јавноста дека ставен е на увид и јавна расправа Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за УЗ 2, УБ 2.3-опфат 7, Општина Охрид .

2.Извештајот за Стратегиска оцена на влијанието на животната средина е изложен во Одделението за заштита и влијание врз животната средина во Општина Охрид секој работен ден од 7:30 - 15:30 часот почнувајќи од 03.02.2025 год. до 05.03.2025 год.

3. Јавната презентација и јавната расправа ќе се одржи на ден 20.02.2025г. во малата сала на Општина Охрид,со почеток во 12 часот.

4. Правните и физичките лица и јавноста можат да го доставaт своето мислење во врска со Извештајот до Општина Охрид во рок од 30 дена од денот на објавување на оваа информација Сите заинтересирани страни се поканети да учествуваат на јавната расправа и да го дадат своето мислење,забелешки и предлози по Извештајот за стратегиска оцена на влијанието на животната средина и истите можете да ги испраќате на е_маил : zivotnasredina@ohrid.gov.mk , или по пошта на следната адреса: Општина Охрид , ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Кирил Пецаков

**Слика 1**Објава на информации за нацрт Извештај за СОЖС и одржување на јавна расправа

# 3 ЈАВНА РАСПРАВА

Во согласност со член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/08 и 45/11), Општина Охридорганизираше јавна расправа за Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028.

Засегнатата јавност навремено преку web страната на општина Охрид (Слика 1) и дневен весник на целата територија на Република Северна Македонија (Слика 1), беше информирана за местото и времето за одржувањена јавната расправа.

Во согласност со законските барања, а со цел да се постигне поголема транспарентност и вклученост на јавноста во процесот на донесување на одлуки во однос на нацртИзвештај за Стратегиска оцена на животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028, на 20.02.2025година во просториите на општина Охрид, со почеток во 12:00 часот се одржа јавна расправа по нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028.

Фотографии од одржаната јавна расправа се дадени во прилог на Записникот од јавна расправа (Прилог 1).

Целта на јавната расправа беше да се презентира содржината на нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина пред засегнатата јавност. Воведно излагање по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина имаше Ана Стојановска, дипл. еколог,експерт за стратегиска оцена на животната средина од ДЕК „ДЕКОНС-ЕМА".

По завршување на презентацијата беше отворена дискусија, која во целост е прикажана како составен дел на записникот,приложенвоПрилог 1од овој Извештај. Исто така,записникот содржи и листа на учесници од јавната расправа и фотографија од присутните.

## 2.1 Одговор на забелешките добиени на јавна презентација и расправа на Извештајот за СОЖС

Од присутните на јавната расправа беа дадените следните забелешките/коментарина Извештајот за СОЖС.

**Коментар:** Димитар Спасововски, Општина Охрид - Во СОЖС не видов дека е земен предвид основниот поттик на донесување на овој урбанистички план, кој за ОУ Григор Прличев е токму заштитата на животната средина, зошто едната зграда е многу стара и не е енергетска ефикасна. Опасноста што ја спомнавте дека ќе има оптеретување на водоводниот систем, ние веќе во моментов имаме азбестни цевки и се претпоставува дека имаме понирање/губитоци на вода под старата зграда. Ако е можно да се потенцира дека мотивот на целата активност е заштита на животната средина, бидејќи 30 години имаме проблем. Сите испитувања ги направивме и дојдовме до заклучок дека водата понира под старата зграда и затоа имаме највисока сметка на вода затоа училиште.

**Одговор:** Досега овие податоци не беа презентирани во урбанистичкиот план, но секако ќе се земат предвид во финалната верзија на Извештајот на стратегиска оцена на животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028.

На прашања или коментари по однос на Планотво текот на јавната расправа, беа дадени одговори од изработувач на Планот (види записник од јавна расправа, Прилог 1).

# 4 ЗАБЕЛЕШКИ ДОСТАВЕНИ ПО ПИСМЕН ИЛИ ЕЛЕКТРОНСКИ ПАТ

Во периодот, предвиден за консултации со јавноста, доставени се коментари или забелешки, прикажани во Прилог 2.

## 4.1 *Жители од општина Охрид доставија коментари, кои се против донесува на овој ДУПза УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028.*

Во дописот се дадени следните забелешки/коментари:

**Коментар:** „Здравствен Дом Маларична, која е во државна сопственост и е во функција на здравјето на граѓаните и има јавна функција, сега се предлага одземање на сопственоста и прекинување на Јавната функција и пренамена на Земјиштето во А2 колективно домување зграда приземје плус 4 пратови со висина од 15,20. Аргументи за ваква трансформација нема и не се образложени од кои причини колективното станување е побитно од Јавната функција ЗДРАВЈЕ.“

**Одговор:**Ова забелешка се однесува на ДУП, а не на Извештајот за СОЖС.

Посоченото дел од ДУП-от е во плански опфат на дел од ГУП на Охрид односно во УЗ 2 УБ 2.3. Во текстуалниот дел на ГУП-от за здравствениот дел Маларична цитирано е следното:

*Постојниот здраствен дом кој повеќе децении ја има улогата, но не и содржините на современа поликлиника се дислоцира во комплексот Јавна згравствена установа – Општа болница – Охрид, а некои од постојните содржини ќе останат на истата локација.*

Во планот, кој е сеуште во примена, односно во ДУП за дел од централно градско подрачје Поликлиника "Маларична" Охрид плански опфат помеѓу ул. Туристичка, ул. Јане Сандански, ул. 106, ул. 107, ул. Димитар Влахов, ул. 119 и ул. Даме Груев донесен со одлука 07-344/18 од 28.02.2008, на местото каде сега егзистира Здравствениот дом Маларична, предвиден е заеднички станбен објект А2 со висина П+4.

При изработка или при измена на ДУП планерот мора да ги почитува насоките и намените од ГУП-от кој е во важност, што со овој план е испочитувано.

**Коментар:** „На предложениот ДУП и со проширувањето на габаритот на објектот А2 се отстранува постоечкото зеленило-децениски стебла во дворот на Маларична и во основното училиште кое е во површина половина од градежната парцела, со новиот предлог сето тоа ќе биде уништено. Изготвувачот на овај ДУП воопшто не го зел во предвид фактот што Охрид се соочува со секојдневно аерозагадување, тоа го покажуваат мерните инструменти секој ден, не им се битни дрвјата како прочистувачи на воздухот секојдневните мерни инструменти покажуваат дека Охрид е еден од најзагадените градови ама на градежниците, битно им е што повеќе станови да има и затоа е габаритот на предвидената зграда толку голем.

**Одговор:** Ова забелешка се однесува на ДУП. Во Извештајот за СОЖС се анализирани влијанијата од уништување на зеленилото, односно пренамена на зелени површини во градежно земјиште со намена А2-домување во згради и влијанијата врз квалитетот на амбиентниот воздух и во финалниот извештај ќе биде дадена дополнителна препорака во однос на зеленилото.

**Коментар:** Овој предлог ДУП се коси со Документот усвоен од Владата под име План за Управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион 21.10 2020. Каде е дефинирана површината на изграденост 50% од вкупната површина на градежната парцела. И посебно спратноста на објектите кои се наоѓаат покрај јавна установа училиште каде учат деца, а во случајов спратноста од приземје и 4 спрата со висина од 15,20 го одзема светлото кое е потребно за овие деца бидејќи објектот училиште е во непосредна близина. Предложената зграда е ориентирана југ запад и потполно го засенува училиштето Григор Прличев.

**Одговор:** Ова забелешка се однесува на ДУП, а не на Извештајот за СОЖС.

Во ДУП за УЗ 2 УБ 2.3 опфат 7 – испочитуван е Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, бидејќи планскиот опфат се наоѓа во IIIа заштитна зона (согласно мерките за заштита на културното наследство, односно површината на изграденост изнесува 50% од површината на градежните парцели, а висината е ограничена на П+4 ката.

**Коментар:** Урбанизацијата на овај простор со ваков објект не е прифатлив и сме Против од причините неведени во продолжение.Треба да се отфрли оваа идеја.

А.Предложениот ДУП е спротивен на Планот за Управување со Охридскиот регион и негативно влијае врз животната средина.

Б. Габаритот на предложениот објект е недозволив и е спротивен на предвидените 50%, изграденост, и треба да си остане било каков планиран објект во границите на постоечкиот објект Маларична. А да биде осовремен во модерна Медицинска установа.

В. Висината од Приземје плус 4 спрата е преголема за овај дел од градот и преставува опасност и загрозување на осветлувањето на основното училиште Григор Прличев. Висината на било каков планиран објект треба да биде идентична со висината на Основното училиште Григор Прличев. И да не го засенува истото.

Г. Сопственоста на земјиштето и Јавната функција на Здравствениот Дом Маларична не смее да се трансформира во А2 колективно домување, бидејќи Јавната функција Здравје е приоритетна за потребите на граѓаните.

Д. Наш предлог е Маларична да си остане Здравствен дом да ја извршува својата функција и да биде спомен објект за животот и делото на основачот на детската педијатрија доктор Елена Каваева и нејзинито сопруг Охриганецот Владимир Кавај хирург.

Г. Овај предлог ДУП е спротивен на Препораките на Унеско за заштита на Охридскиот регион, каде точно се наведува неконтролираната Урбанизација е причина за загрозување на Охридскиот регион.

Е. Зелените површини се битни за град Охрид бидејќи се соочува со Аерозагадување, законскиот минимум според СОЖС е 20%. За оваа парцела вкупната површина е 30.260 а за зелена површина се предвидени само 155 метра кв. На овај простор опстојуваат дрва кои се во добра кондиција и не треба да се сечат.

Ж. Согласно Стратегискиот план за Рехабилитација на Охридскиот регион 2023-2030 требаше да биде изработена Национална методологија за оцена на влијанието врз природното и културното наследство на Охридскиот регион , врз основа на препораките на Унеско каде ќе се гарантира дека Урбанистичкото планирање ќе биде професионално и Соодветно на Вредностите и влијанието врз Охридскиот Регион. Маларична е еден вид Бренд за Охрид и таков треба да остане.

З. Венецијанската комисија која делува во РС Македонија треба да го разгледа овај Предлог ДУП и да даде свое мислење и да стави крај на непрофесинализмот и деградацијата на град Охрид. Овај предлог ДУП е класичен пример за аматеризам, клиентелизам, и лични бизнис интереси наспроти Јавниот интерес и правосудните органи како Јавното Првобранителство треба да покренат постапка за Заштита на Државниот имот и Јавната функција на Здравствениот дом Маларична.

И. Проектантот на овај предлог ДУП не водел сметка за визуелниот и амбиентален изглед на предложениот објект А2 во габаритот и спратноста при што по должината на ул. Димитар Влахов до влезот на основното училиште прави бедем со новопроектираниот објект, особено обрнувајќи внимание на осветлувањето и проток на свеж воздух према основното училиште каде престојуваат деца. Воедно се прави тесно грло при влезот во училиштето.

Ј. И на крај со вака предложениот ДУП за централното градско подрачје на Охрид истиот е неприфатлив и се повеќе ќе наликува на провинцијален град а не град на Унеско.

**Од овие причини жителите на Охрид се против овај Предлог ДУП и ја покренуваат ова Иницијатива со потписи од Граѓаните за стопирање на овај предлог ДУП и покренување на постапка за заштита на Државната сопственост и Јавната Функција на Здравствениот Дом Маларична.**

**Одговор:** Ова забелешка се однесува на ДУП, а не на Извештајот за СОЖС. Целиот допис е доставен во сектор урбанизам на општина Охрид и изработувачот на Планот.

Планот во понатамошната постапка на негово донесување пред организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде доставен на мислење согласно член 17 став (1) од Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, Министерство за култура и туризам и Министерство за животна средина и просторно планирање.

Овие институции треба да доставаат мислење за планот кое е релевантно за неговата изработка и кое треба да се испочитува во понатамошното урбанистичко планирање.

### 4.2 *По нацрт извештајот за СОЖС и урбанистичкиот план, доставени се коментари/забелешки од Охрид SOS (прикажани во Прилог 2).Одговори по однос на истите се дадени во продолжение.*

| | |
|---|---|
| 1. | Коментар: **Општина Охрид постапува незаконски со тоа што за овој ДУП нема обезбедено позитивно мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион што е обврска согласно член *17 од Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион* и кое мислење треба да биде составен дел на СОЖС. (Општината претходно беше одбивана од комисијата за добивање позитивно мислење кога се обидуваше да спроведе постапка за СОЖС без обезбедено мислење).** |
| Одговор: Деталниот урбанистички план сеуште не е во фаза во која треба да се достави до Комисијата за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, а општината согласно член 17 од Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион, сеуште не е во фаза пред јавна анкета и презентација. | |
| 2. | Коментар: **Согласно Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (2023-2030), државата веќе требаше да има Национална методологија за изработка на Оцена на влијание врз природно и културно наследство согласно „Водичот за оцена на влијанијата во контекст на светско наследство на УНЕСКО“ што би гарантирало дека оцените за влијанието се професионални и соодветни на потребите согласно вредностите на регионот и со тоа требаше да се стави крај на уништувањето на светското наследство на Охрид. Изработенатаа СОЖС не се води по методологијата на УНЕСКО и не содржи анализа на влијанието по светското наследство. Врз основа на која стручна експертиза оваа СОЖС може да се смета за релеванта во однос на утврдување на влијанието врз светското наследство?** |
| **Одговор:** Извештајот за стратегиска оцена се изработува врз основа на Законот за животната средина и Директивата за стратегиска оцена на животната средина на Европската комисија (2001/42/ЕС) инкорпорирана во националното законодавство, врз основа на кој мислење дава МЖСПП.<br><br>Извештајот за стратегиска оцена и Мислењата од МЖСПП и аргументираните коментари од јавноста треба да му помогнат на Органот што го донесува во урбанистичкиот план во процесот на донесување на Одлука за негово усвојување/донесување.<br><br>Во постапката за подготовка на Урбанистичкиот план, надлежните институции, Министерство за култура (Управа за заштита на културно наследство), УНЕСКО и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Охрид, не се изјасниле во однос на постоење на културно наследство во границите на опфатот. | |
| 3. | Коментар: **Предметниот ДУП е во колизија со мерките за заштита пропишани во *Планот за управување со светското природно и културно наследство*** |

| | |
|---|---|
| | ***на Охридскиот Регион (2020 – 2029)*** **(образложено во коментарите подолу). Запрепастувачки и недозволиво е во делот за можни влијанија и мерки за ублажување во 8.1. на стр. 127 и 128 површно да се наведе потребата од почитивање на Планот за управување, а да не се евидентира несоодветноста на предложената урбанизација со ДУП за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7.** |
| **Одговор:** Баш заради тоа што во соодветните поглавја на СОЖС Извештајот е наведено дека предметниот ДУП не е усогласен со препораките од Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029), дадени се препораки за намалување на влијанијата во смисла на препораките кои произлегуваат од истиот. Задача е на изготвувачот на планскиот документ да ги разгледа препораките на сите други стратешки и плански документи, изработени за Охридскиот Регион и да ги преточи во документот кој го подготвува (ДУП). Без разлика на ова, во финалната верзија на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина во делот на влијанија и мерки ќе бидат дадени одредени мерки за намалување на влијанијата од подготовка на Планот, усогласени со вашите препораки. | |
| 4. | **Коментар: Извештајот за СОЖС делумно ги наведува законите по животната средина (стр. 85 - 87), а потоа и во табелата во 8.1. (стр. 123 - 130), но истите не ги доведува во врска и не ги зема како ризик фактор доволен за предлог ДУП-от да се подвргне на значителни измени што ја доведува во прашање професионалноста на овој документ.**<br><br>**Нејасна е неконзитентноста помеѓу препознаените негативни влијанија т.е. исклучително неповолната реална состојба и заклучокот дека предметниот ДУП може да се реалзира.**<br>**Мерките за ублажување на влијанијата се непропорционални за штетата која ДУП-от ќе ја предизвика, а инстутционалната некомпетентност е во целост игнорирана како пресуден фактор за било каква примена на мерките.**<br>**СОЖС треба целосно да се ревидира за да може да се смета за релеванта оцена, а не само про-форма документ кој ќе придонесе за натамошно уништување на урбаната средина на Охрид и светското наследство воопшто.** |
| **Одговор:** Извештајот за стратегиска оцена содржи преглед на влијанијата кои може да ги предизвика донесувањето на планскиот документ, дава предлог мерки за ублажување и препораки, но дали истите ќе бидат прифатени зависи од Органот кој што го усвојува планскиот документ (општина Охрид). Нацрт Извештајот за стратегиска оцена никаде не дава заклучок дека ДУП треба/може да се реализира, тоа одлука ја носи општина Охрид. | |
| 5. | **Коментар: Во извештајот за СОЖС недостасува посветена и стручна анализа на реалните состојби во контекст (1) на градот Охрид кој континуирано, со децении се (пре) урбанзира; (2) светското наследство кое е де-факто загрозено и се движи „кон точка од која нема враќање“ (констатирано од УНЕСКО уште во 2021 г.). Запрепастувачки е колку СОЖС успева да не ги констатира ризиците од реализацијата на предложениот ДУП по светското културно и природно наследство.** |
| **Одговор:** Ова е субјективно гледање на доставувачот на забелешките/коментари по Извештајот за СОЖС и нема да го коментираме. | |
| 6. | **Коментар:** Во Воведот, на страница 10 од документот, стои дека „планскиот опфат, според Планот за управување со светско природно и културно наследство на |

| | |
|---|---|
| | Охридскиот регион со Акциски план за 2020-2029 год. (Сл. весник на РСМ бр. 45/20) припаѓа во III-а заштитна зона на природно наследство во која се забранети следните активности за заштита на природното наследство:<br><br>- изградба на инфраструктурни градби, освен кога проектите се од јавен интерес и кога за нив се спроведува стратегиска оцена и/или оцена за влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијанието врз културното наследство;<br>**На местото на здравствениот дом Маларична е предвидено да се гради огромна ПРИВАТНА зграда, која се коси со оваа точка, односно не е во никој случај објект од јавен интерес. Во таа катастарска парцела сега се наоѓаат објект од јавен интерес, познат како Маларична, изграден во 1927 година и веројатно најстар здравствен дом во Охрид и пошироко, кој има и историска вредност за градот, поврзана со дејноста на д-р Елена Етингер Каваева. До влезот на училиштето, има градска куќа со уникатен стил која е исто така изградена во 1927 година, и иако не е валоризирана, е дел од градителското наследство од XX век. Со планскиот опфат се уништува најголемиот дел од школскиот парк во ООУ „Григор Прличев“ со зголемувањето на обемот на објектот на детската градинка „Јасна Ристеска“ за повеќе од двојно ќе се уништи зеленилото и игралиштето, и трајно ќе се измени изгледот и конфигурацијата на овој дел од опфатот – се уништува јавно зеленило.**<br>- други активности што може да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности.<br><br>**Сите планирани активности опишани погоре го нарушуваат пределот и ги загрозуваат исклучителните вредности. Новата зграда треба да биде во висина на Гимназијата, или и повисока, со огромен обем кој целосно ќе го блокира и затвори сега отворениот простор, ќе се изгради практично еден бетонски ѕид. Маларична и школската зграда се на висина П+1 и скоро и не се чувствуваат во просторот, а дополнително градската куќа и градинката се помали, пониски објекти, исто така опкружени со зеленило. Влезот на училиштето од улицата „Димитар Влахов“ каде има убав дрворед и изгледа како зелен коридор, ќе стане улица, која ќе води до паркинг, за чија изградба треба да се уништи училишниот парк кој претставува зелена бариера и простор за игра и настава со децении.**<br><br>**Предметниот ДУП се носи согласно Генералниот урбанистички план за Град Охрид за 2002-2012 кој веќе е застарен и најважно, не е усогласен со *Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029)* што државата (и општина Охрид како имател на доброто и носител на урбанистичките планови), имаат обврска да го направат согласно препораките на УНЕСКО.**<br>**Урбанизацијата со овој ДУП е директно на штета на автентичноста и интегритетот на културното наследство. Во *Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029*), за зоната каде припаѓа овој ДУП стои: „Во оваа зона ќе се применува мерката на урбана реконструкција, односно воспоставување состојба која ќе ги подобри условите за живеење и работа. При уредување на просторот прифатливи методи се обнова на постојните и изградба на нови градби со почитување на амбиенталните карактеристики на целината, традиционалните форми, карактеристиките на пејзажот и хармонијата на целината.“**<br>**За оформување на споменатиот огромен станбен блок се врши спојување на дури 14 катастарски парцели во една градежна парцела, со цел** |

| | |
|---|---|
| | **постигнување на огромен габарит, што е во директна колизија со *Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски План (2020-2029)*, каде изрично се забранува таа постапка. Имено, според Планот за управување, новите градби во втората и третата урбана зона (каде се наоѓа предметниот опфат) „треба да исполнат специфични аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури. Во таа смисла, се забранува окрупнување, односно создавање вештачка комбинација на неколку парцели за да се изгради голема градба.** |
| **Одговор:** Во ова поглавје се презентираат поставките на соодветниот ДУП-планирана состојба. На вашето прашање треба да даде одговор Секторот за урбанизам на општина Охрид, кој ќе го разгледува и усвојува планскиот документ. Планирањето на просторот и давање нови урбани содржини е предмет на соодветна законска регулатива, но и почитување на веќе подготвени стратешки и плански документи на национално, регионално и локално ниво, за што е надлежен наведениот орган. СОЖС анализите се направени во следните поглавја на Извештајот, каде се земени предвид дел од вашите забелешки и кои во финалната верзија од Извештајот за СОЖС ќе бидат надополнети. | |
| **7.** | **Коментар:** Во главните цели на СОЖС, на страница 11 и 12 наведени се:<br><br>- Да обезбеди механизам за идентификација, опис, оценување и известување за влијанијата/ефектите на планскиот документ врз животната средина;<br><br>- Да се спречат, намалат и неутрализираат негативните влијанија врз животната средина. Зголемувањето на позитивните влијанија може, исто така, да биде придобивка од СОЖС процесот;<br><br>Со новиот плански опфат драстично се намалува урбаното зеленило (најблаго кажано) кое е во рамките на здравствениот дом (децениските стебла и страничните тревни површини), зеленилото во училиштето (безмалку целиот парк зад старата училишна зграда, влезот од улицата „Димитар Влахов“ но и делови помеѓу двете училишни згради и кон средното економско и гимназијата) и зеленилото во градинката. Сегашниот отворен простор кај Маларична се заградува со огромен објект, непознато е колку и како ќе влијае на микроклимата во овој дел од градот. Како што е познато, Охрид е еден од најзагадените градови, следејќи ги мерењата. Зеленилото важи за филтер и заради тоа и се садело и се предвидело, особено во образовните објекти, но дополнително и кај околните јавни објекти, па и приватни. Тие паркови или зелени бариери ги апсорбираа на некој начин и издувните гасови од возилата кои се движат по околните улици и булеварот.<br><br>На парцелите е предвидено да се изгради станбена зграда со П+4 и вкупна изградена површина од 10.501 м2 (околу половина од просечната квадратурата што во Охрид се гради на годишно ниво, согласно податоците на Државниот завод за статистика). На местото на сега детската градинка „Јасна Ристеска“ е предвидено трикратно зголемување на изградената површина (од 1.126 м2 на 3.202 м2) и уништување на сето зеленило, детски парк и игралиште, пред и од страната на објектот, која се граничи со Општинското основно училиште „Григор Прличев“. Во графичкиот дел на овој ДУП од вкупната површина од 30.260 м2, за зелена површина се предвидени само 155 м2. Нема ниедна придобивка.<br><br>Како изработувачот на СОЖС пропуштил да ги утврди овие негативни влијанија? |

| | |
|---|---|
| **Одговор:** Во извештајот за СОЖС, утврдени се негативните влијанија кои произлегуваат од намалување, односно пренамена на зеленилото (неизградено земјиште) во градежно земјиште за изградба на згради. Коментарот е нејасен, конфузен, се однесува на други субјекти и законски решенија и забелешката не се прифаќа. | |
| **8.** | **Коментар:** На страница 12 од документот се наведени придобивките од спроведување на стратегиската оцена на животната средина.<br>- Интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;<br>- Земање предвид на националните, регионалните и локалните потреби и цели за иден развој;<br>- Земање предвид на целите за заштита на животната средина, во однос на планираните развојни цели;<br>- Обезбедување конзистентност со стратешките определби за одржлив развој;<br>- Добивање вистинити и реални информации, кои ќе помогнат во процесот на донесување одлуки.<br><br>**Нејасно е на кој начин се исполнуваат овие придобивки со СОЖС, која изгледа како проформа одобрување на еден исклучително лош урбанистички план. Како експерти од наведените области, се очекува изготвениот документ да даде реална проценка на можното влијание од дополнителна урбанизација на централното подрачје на Охрид, што во случајов не е сторено.**<br>**Во Правната рамка со која се регулира постапката за Стратегиска оцена на животната средина не е наведен ниту земен во вид *Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (2023-2030)*, како и Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.** |
| **Одговор:** Во правната рамка е прикажана законската регулатива врз основа на која се спроведува постапката за Стратегиската оцена на животната средина, а тоа е Законот за животната средина. Во согласност со кажаното, коментарот не се прифаќа. | |
| **9.** | **Коментар:** На страница 16 стои „обемот на Извештајот за СОЖС ги опфаќа сите теми на животната средина, дефинирани со Директивата за СОЖС, односно население и човечко здравје, биолошка разновидност, предел, воздух и климатски промени, води, почви, културно и природно наследство и материјални добра“.<br>**СОЖС само површно ги опфаќа наведените аспекти и согласно тоа дава нереална оцена.**<br>**- Со евентуална реализација на овој плански опфат се нарушува сѐ опишано. Со овој ДУП, нема сомнение, ќе се уништи целото постојно културно наследство во рамки на опфатот. Тој, всушност, истото воопшто не го ни препознава. Старата училишна зграда чии вредности се несомнени – од секоја училница на приземјето има директен излез кон сегашниот парк, со што на учениците им се овозможува настава во природа – се предвидува за рушење!**<br>**- Истата судбина ја дели и самиот објект на Маларичната амбуланта – цврсто вкоренет во колективната меморија на охриѓани.**<br>**- Уште поалармантно, доколку се дозволи реализација на овој штетен ДУП, Охрид и светот засекогаш ќе загубат еден прекрасен и уникатен објект граден во периодот помеѓу двете светски војни, во духот на еклектичната архитектура, инспирирана од европскиот класицизам и нео-стиловите, куќа-** |

| | |
|---|---|
| | **вила потоната во зеленило, украс на улицата „Димитар Влахов“, со која се поврзуваат во една целина објектите градени во сличен стил – низата куќи пред Општина Охрид и објектот на Гимназијата. Нејасно е како овој објект досега не бил соодветно валоризиран од надлежните установи – Управата за заштита на културното наследство и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, превид кој, доколку истите веднаш не реагираат, ќе значи неповратна и ненадоместлива штета за Охрид и регионот.**<br>**- Се поставува прашањето, која е потребата за уште една огромна станбена зграда, кога во конкретниот урбан блок веќе е надминат планираниот број на жители, односно надмината е планираната густина на населеност, согласно ГУП? Имено, во важечкиот ДУП за Поликлиника „Маларична“ – Охрид (донесен со Одлука бр. 07-344/18 од 28.02.2008 год.), предвидени се вкупно три објекти за колективно домување (намена А2) со катност П+3 и висина до венец од 13,2м. Веќе следната, 2009 година, со Локална Урбанистичка Планска Документација на еден од нив, лоциран на градежната парцела 1.1, КП бр. 15311/1, му се зголемува бруто развиената површина на дури 4970 м2, со височина до венец од 19,2м, односно катност П+5+Пк. Овој објект е веќе изведен.**<br>**- Сигурно дека изминативе децении парковите во градинката и училиштето, високите дрвја кај Маларична биле дом на многу врсти. Дали некој ја следел состојбата со биолошката разновидност и врз основа на што се заклучува дека уништувањето на децениски дрвја нема да има влијание?**<br>**- Простор кој сега е растеретен од огромни згради, каде има релативно мал број на возила, каде престојуваат мал број луѓе (најмногу се мисли на здравствениот дом Маларична) сега треба да прерасне во огромен станбен објект, со десетици или стотици станови, чии сопственици ќе донесат моторни возила, за нив се предвидуваат паркинзи кои земаат дел од зеленилото на основното училиште. Се зголемува бучава, потенцијално зголемени концентрации на издувни гасови. Во училиштето и околните куќи има чешми кои вадат вода од подземни извори. Не е познато во која мера изградба на огромна зграда за која би се копале длабоки темели, ќе влијае на тие подземни води, а СОЖС тоа воопшто не го адресира.** |

**Одговор:**

- Надлежните институции, Министерство за култура (Управа за заштита на културно наследство), УНЕСКО и Од НУ Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Охрид по однос на Планот не дадоа податоци за постоење на културно наследство во границите на опфатот и го немаат препознаено овој објект како значаен за заштита. Но, во Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе се даде поголем акцент на објектот изграден 1927 година и препораки за нејзина валоризација од аспект на културно наследство.
- Старата училишна зграда е целосно руинирана и има итна потреба од нејзина рехабилитација, кое е и причината за актуелизирање на урбанистичко решавање на просторот, односно целта за урбанизација е да се даде можност училиштето да се реконструира за да добие квалитетен простор за користење од страна на учениците. Ова беше истакнато на јавната расправа од страна на Секторот за образование. Исто така, под овој објект водат водоводни цевки од кои училиштето има големи загуби на вода, кое бара преземање итни мерки за реконструкција.
- Стратегиската оцена препознава уништување на постоечкото зеленило, укажува на негативните влијанија и притисоци врз биолошка разновидност и

| | |
|---|---|
| | имплементација на планските содржини. Од извршениот увид при посетата на локацијата, утврдени се широко распространети дрвенести видови кои се користат за хортикултурно уредување на урбано зеленило. По спроведената проверка на достапни литературни податоци е утврдено дека идентификуваните растителни видови не се наоѓаат на ниту една национална листа на загрозени видови или ендемични видови и истите не се препознаени како значајни за заштита по ниту еден меѓународен критериум.<br><br>- Во постојната состојбата на ДУП не е констатирано и опишано присуство на бунари во граници на плански опфат. Стратегиската оцена ќе даде препорака да се утврди присуството на бунари во граници на плански опфат и соодветно ажурирање на податоците во Планот. Во ДУП нема податоци на која длабочина ќе бидат темелите на планираните објекти, што не е ни предмет на урбанистичките планови. Истото треба се дефинира на ниво на проектна документација.<br><br>Дел од забелешките ќе бидат прифатени и со соодветни коментари дадени во Финалниот СОЖС Извештај. |
| **10.** | **Коментар:** Во точка 3.1 Краток преглед и содржина на планскиот документ, во делот Останати цели за изготвување на овој ДУП се уредување и организирање на просторот преку (меѓу другото):<br><br>- зголемување на стандардот на домувањето<br><br>**Со оглед на горенаведеното во нашиот коментар нејасно е како се зголемува стандардот на домувањето. Малку ли се десетиците активни градежни парцели во моментов во Охрид, за сега да треба да се одзема државно земјиште, да се уништува урбано зеленило и деценски паркови околу образовни и јавни установи за да се направи еден огромен станбен објекти?**<br><br>**Прераспределбата на главно јавното земјиште за приватно станбено користење би резултирало со неповратна загуба на вредно јавно добро. Ова може да ги намали идните можности за јавни проекти, ќе ги ограничи зелените и комуналните простори во Охрид кој веќе страда од преурбанизација што беше потврдена и од Државниот завод за статистика при што околу 50% од становите во Охрид се ненаселени. Ваквиот тренд на урбанистичка промена кој веќе се случува со децении, а чијшто еклатантен пример е и предметниот ДУП, ризикува да ја продлабочи економската нееднаквост со тоа што ќе даде приоритет на приватната заработка пред поширокото јавно добро.**<br><br>- почитување на јавниот интерес<br><br>**Овде ни оддалеку не се почитува јавниот интерес. Која е потребата од отуѓување на државно земјиште, чија елементарна намена се подразбира дека била, е и мора да остане јавна? Кој и зошто иницирал промена на намената на земјиштето и промена на сопственоста, на крај, државно земјиште да биде отуѓено за да се изгради приватна станбена зграда? Притоа, да се загуби последниот остров урбано зеленило во централното градско подрачје на Охрид, а на децата од дури четири образовни установи во непосредна близина (градинка, основно и две средни училишта) засекогаш да им се одземе елементарното право на чист воздух и здрава животна средина, правото на слобода, јавен простор, училишен двор, небо и сонце? На кој** |

| | |
|---|---|
| | **начин со изградба на огромна ПРИВАТНА станбена зграда се почитува јавен интерес?**<br><br>- оформување на амбиентални целини<br><br>**На парцелите е предвидено да се изгради станбена зграда со П+4 и вкупна изградена површина од 10.501 м2 (околу половина од просечната квадратурата што во Охрид се гради на годишно ниво, согласно податоците на Државниот завод за статистика).**<br><br>**На местото на сега детската градинка „Јасна Ристеска“ е предвидено трикратно зголемување на изградената површина (од 1.126 м2 на 3.202 м2 од кои дозволено 40% за комерцијална намена) и уништување на сето зеленило, детски парк и игралиште, пред и од страната на објектот, која се граничи со Општинското основно училиште „Григор Прличев“.**<br><br>**Новите (предвидени) градби, според *Планот за управување со природното и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029)* треба да имаат:**<br><br>**„- ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;**<br><br>**- габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро;**<br><br>**- улична гранична линија која ја следи линијата на постојните објекти;**<br><br>**- силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;**<br><br>**- висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите.“**<br><br>**Јасно е дека *Планот за управување со природното и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029)* е апсолутно игнориран. Со предвидување на станбен објект - мега структура со уличен фронт долг над 100 м. особено не се обрнува „внимание на пропорциите.“ Амбиенталните целини кои егзистираат безмалку еден век (објектот на Маларична и старата градска куќа), но и објектите кои се дел од модерното архитектонско наследство (објектот на детската градинка и старата училишна зграда) засекогаш ќе бидат изгубени, доколку се реализира овој нов ДУП за овој плански опфат.**<br><br>- почитување и надградување на пејсажните вредности<br><br>**Со новиот ДУП воопшто не се почитува ништо од наведеното во планската програма, нити пак се надградуваат пејсажните вредности. Имаме огромна зграда која ќе го уништи сегашниот пејсаж на таа улица и ќе ја наруши „визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро“. Предвидената мега - станбена структура на едниот крак би се протегала на улицата „Димитар Влахов“ каде има низа репрезентативни објекти од почетокот на XX век, некои од нив прогласени за културно наследство. На другиот крак е на малата уличка наспроти зградата на Гимназијата, со која е на иста линија. Со овој ДУП ќе надвисне станбен блок со 16,2 метри висина. Толку од пејсажните вредности на овој опфат. Училиштето (старата училишна зграда) ќе го изгуби** |

| | |
|---|---|
| | **дневното светло, односно сонцето, а била дизајнирана училниците да се свртени на југ, кон парк и целосно осветлена страна. Изработувачот на СОЖС исто така не забележал дека предложениот ДУП е во колизија со „традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде (објектите) се градат“.**<br><br>- оформување на културен пејсаж<br><br>**За каков културен пејсаж зборуваме? За уништување на Маларична и старата градска куќа кои датираат од 1927 година? За уништување на обејкти од македонската модерна, во авторство на познати охридски и македонски архитекти, кои на некој начин треба да се вклучени на листата архитектонско наследство од втората половина на XX век? Овој опфат заедно со полигонот за мали спортови и јавните објекти како Пензионерскиот дом, Црвен Крст, објектот на ФЗОМ и ПИОМ и семејните куќи важи за мирен, тивок, иако се наоѓа во централното градско подрачје. Меѓу нив и пред нивзеленило, дрвореди, два заштитени чинари. На конкретниот опфат највисокиот објект е П+1 и скоро и да не се чувствува дека отскокнува од околината.**<br><br>- почитување и валоризација на културното и градителското наследство<br><br>**Со овој ДУП се прави токму спротивното. Завод за заштита на спомениците од културата и музеј од Охрид сосема селективно ги заштитува или валоризира објектите на улицата „Димитар Влахов“. Освен пар куќи после општинската зграда и Гимназијата, сите останати објекти кои заслужуваат заштита се препуштени сами на себе. Минатата година локален моќник наместо реставрација на стар објект, го урна и изгради еден нетипичен и визуелно лош објект. Минатиот месец се руши објект од 1932 година, при што се урна многу повеќе од кровот кој требало да се реновира. На истата улица се овие два примери. Погоре спомнавме за какво градителско наследство се работи на овој опфат, и што ќе се изгуби. Завод и музеј се соучесници во ова, намерно девалвирајќи уникатен објект од 1927 година, а дополнително не вклучувајќи други обејкти како културно и градителско наследство. Објектот на градинката е дело на Викторија и Димитар Зарчеви, познати охридски архитекти. Деновиве контактиравме со ќерката на Димитар Зарчев, која не беше запозната со новиот ДУП, а ни нејзиниот татко не е известен за планираните „измени“ во катастарската парцела на градинката. Зошто не се консултирани авторите? Вака се случи во Скопје, за животта неколку архитекти и автори посведочија за уништување на нивните дела. Зошто во СОЖС не се предлага унапредување на средината преку насоки куќата да се заштити, наместо да се одобрува уништување на културното наследство?**<br><br>- почитување и подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидност<br><br>**На оваа линија на стр. 123 во делот за Можни влијанија од имплементацијата на Планот и мерки за намалување на влијанијата се наведува дека реализацијата на овој план „ќе отвори услови за хумано и урбано користење на просторот“.**<br><br>**Хуманоста на просторот не се подигнува со огромна ПРИВАТНА станбена зграда. Се отуѓува ДРЖАВНО земјиште и на местото на здравствен дом со брза помош се планира ОГРОМНА станбена зграда. Како овде да го** |

**дефинираме хуманото? Или уништувањето на стотици квадратни метри ЗЕЛЕНИЛО и неговата замена со асфалт, бетон, сивило претставува подигнување на хуманоста? Колку е хумано губењето на последниот остров урбано зеленило во централното градско подрачје на Охрид, а на децата од дури четири образовни установи во непосредна близина (градинка, основно и две средни училишта) засекогаш да им се одземе елементарното право на чист воздух и здрава животна средина, правото на слобода, јавен простор, училишен двор, небо и сонце?**

**Постојната инфраструктура секако дека треба да се прилагоди за непречено движење на лица со инвалидност. Како јавните тротоари, така и образовните објекти и јавните установи. Дел од нив се приземни и веќе постои можност за движење на овие лица. Како огромната зграда ќе придонесе за ова?**

- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето

**Новиот ДУП предвидува 0.5% за зелени површини што е далеку под законскиот минимум од 20%.**

**Со досегашните станбени згради веќе е надмината планираната густина на населеност согласно ГУП.**

**Донесувањето на овој ДУП е во спротивност со *Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион* и *Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029).***

**Одговор:** Во точка 3.1. од Извештајот за СОЖС е изворно даден преглед на планскиот документ, преземен од изработениот Деталниот урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 - опфат 7, општина Охрид. Во делот на можни влијанија од имплементацијата на Планот и мерки за намалување на влијанијата, каде се наведува дека реализацијата на овој план „ќе отвори услови за хумано и урбано користење на просторот", ќе се коригира во финалната верзија.

На тоа дали планското решение е или не е во согласност со Законот за управување со светското природно и културно наследство и Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион, мислење ќе доставаат релевантни институции.

**11.** **Коментар:** На слика 4 Графички прилози со плански решенија од претходно донесени урбанистички планови, на страница 25 се наоѓа ДУП за УЗ 2, УБ 2.3, опфат 7 изготвен во 2008 година од страна на А.Д. ЗУАС од Скопје, додека на слика 8 Синтезен план на страница 38 е поместен планот изготвен во 2023 година.

**Двете ситуации даваат сосема различен приказ. Во новиот план се чини како уште повеќе да се уништува урбаното зеленило, се зголемува обемот на објектот градинката, се градат нови делови кај училиштето, а паркингот наместо приватен сега е заведен како „комунална инфраструктура". Зеленилото е сведено на еден мал триаголник, означен со Д2.**

**Одговор:** Во деталниот план цитирано е дека во секоја градежна парцела планираниот мин. процент на зеленило е 20%.

| | |
|---|---|
| Коментираните површини за градба, предвидени во градежните парцели каде се наоѓаат детската градинка и основното училиште, се апроксимативни, а тоа не значи дека детската градинка или основното училиште ќе бидат изградени со тој габарит. | |
| **12.** | **Коментар:** За градбите со основна класа на намена В1 - Образование и наука, предвидени се компатибилни намени во однос на основната класа на намена и тоа:<br>Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини, со максимален процент на застапеност од 20% во однос на основната класа на намена<br>**На синтезниот план нема намена Д3, нити на легендата нити на цртежот, а СОЖС треба на тоа да укаже.** |
| **Одговор:** Графичките прилози во планот се изработени согласно Правилникот за урбанистичко планирање. Компатибилните намени се цитирани во текстуалниот дел и во табелите за нумерички показатели. | |
| **13.** | **Коментар:** За градбите со основна класа на намена В2 - Здравствена и социјална заштита, предвидени се компатибилни намени во однос на основната класа на намена и тоа:<br>Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности, со максимален процент на застапеност од 40% во однос на основната класа на намена,<br>Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради, со максимален процент на застапеност од 40% во однос на основната класа на намена,<br>Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини, со максимален процент на застапеност од 40% во однос на основната класа на намена<br>**Дали тоа значи дека градинката ќе стане потстанар на својата катастарска парцела? Како е утвдена потребата од комерцијални и деловни дејности? Врз основа на која анализа е утврдена потребата од дополнителни деловни објекти во ова подрачје? Се подигнува уште еден кат на градинката, веројатно оригиналниот објект ќе се руши, се зголемува повеќе од двојно обемот на објектот, за сметка на зеленилото и игралиштето. Повторно, никаде не гледаме намена Д3, туку максимално зголемување на изградениот простор за сметка на отворениот простор. Објект кој исклучиво енаменет за престој на деца, сега ќе дозволи тука да влегуваат и возрасни. Дворот е уништува. Во Охрид, во централното подрачје има многу празни деловни објекти, кои со години стојат празни, зошто сега да се градат дополнителни единици за ваква намена? Со ова, се уништува интимноста и безбедноста која ја има градинката. Нејзините автори предвиделе помал објект вгнезден во зеленило од сите страни, занималните имаат излези во дворот, а градинката граничи со училиште и со дворови на индивидуални куќи, и самите со обилно зеленило, жива ограда и децениски стебла. Наместо да се заштити ова архитектонско наследство од 1971 година, тоа сега е планирано да го нема. Како изработувачот на СОЖС не го препознал штетното влијание на ваквата трансформација?** |
| **Одговор:** Графичките прилози во планот се изработени согласно Правилникот за урбанистичко планирање. Компатибилните намени се цитирани во текстуалниот дел и во табелите за нумерички показатели. | |

| | |
|---|---|
| **14.** | **Коментар:** На страница 30, во демографската анализа, стои дека „со Деталниот урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид се планираат 2 објекти со намена А2-Домување во згради со бруто развиена површина од 10564 m2“.<br><br>**На парцелите е предвидено да се изгради станбена зграда (или два споени) со П+4 и вкупна изградена површина од 10.501 м2 (околу половина од просечната квадратурата што во Охрид се гради на годишно ниво, согласно податоците на Државниот завод за статистика). Згора на тоа, кој иако можеби нема да се приватизира, станува во фунција на приватен имот.** |
| **Одговор:** Општина Охрид, води сметка за демографскиот развој на Градот и потребите од станбен простор. Ова прашање треба да биде насочено кон Градоначалникот (или градоначалниците) и неговите (нивните) идни визии за развој на Градот. Ова не е предмет на СОЖС Извештајот. | |
| **15.** | **Коментар:** 15. За планираниот број на жители: 420 жители, може да се пресмета дека 4% ќе бидат деца на возраст од 1 до 6 години, односно 17 деца. За 60% од нив ќе се јави потреба да бидат згрижени во предучилишна установа, односно 10 деца кои би ја посетувале градинката „Јасна Ристеска“, која се наоѓа во рамки на планскиот опфат.<br><br>**Каде ќе си играат тие деца? Во градинката која го губи безмалку целото зеленило и двор, заедно со малото игралиште? Во која ќе се изгради уште еден кат за комерцијални цели? Или децата кои би учеле во основното училиште сега ќе имаат поглед на огромен бетонски ѕид наместо на паркот и отвореното небо?**<br>**Зошто СОЖС не ја разгледува можноста голем дел од тие нови станови да бидат користени за комерцијална намена што е очигледен тренд со новите градби во Охрид? Каква би била состојбата со сообраќајот, бучавата, не само од возила туку и посетители во летниот период, отпад итн.?** |
| **Одговор:** Ова се субјективни видувања, кои не кореспондираат со начелата на СОЖС, но и покрај тоа укажуваме дека во СОЖС Извештајот во делот на анализа на влијанијата се земени предвид планираните услужни дејности, зголемувањето на транспортот, бучавата и сл. | |
| **16.** | **Коментар:** На истата страница, во делот Сообраќајно решение се спомнува „новопланирана пристапна улица ул. „ПР1“ од југо-западна страна и ул. „107“.“<br>**Училишниот влез од страната на „Димитар Влахов“ заедно со дрворедот и зеленилото се уништува за да се направи УЛИЦА! Кон што? Кон паркингот на местото врз училишниот парк? Иако е со намена комунална инфраструктура, повеќе од очигледно е дека ќе го користат жителите на станбената зграда. Нејасно е зошто училиштето иницирало нов ДУП за да изгуби дел од својот двор, односно најбитниот – паркот позади старото училиште.** |
| **Одговор:** При планирање во граници на планскиот опфат се почитува законската и подзаконскта регулатива која е во важност во периодот на изработување и донесување на планот.<br><br>Во финалниот СОЖС извештај ќе биде дадена препорака планскиот документ да се коригира во смисла на: елиминирање на предвидениот паркинг простор помеѓу планираните згради и училиштето (училиштен парк) и пристапната улица да не се | |

| | |
|---|---|
| | реализира, туку да остане онака како што е, односно пешачка патека и влез во училиштето. |
| 17. | **Коментар:** На страница 34 стои дека „процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела 2.3.1, потребно е да изнесува минимум 20%." Истиот процент е и за парцелата 2.3.2 односно училиштето, каде обемот на објектот се зголемува (веројатно старата зграда ќе се руши) а дополнително е планирано поврзување на двете училишни згради кое ќе оди низ зелениот појас каде сега се наоѓа бистата на Прличев.<br>**Целото зеленило во градинката се сведува на 20% кога сега е повеќе од тоа? Овој процент во урбаното планирање има за цел да го ограничи максималниот минимум, а не да служи како насока за редуцирање на веќе многу поголема зелена површина. Тоа е спротивно на начеката на хумано планирање. Како ќе очекуваме здрав одгој на децата без игри и активности надвор? Станува збор за нашите најмали и најкревки сограѓани. Исто така и поголемите, учениците, губат огромен парк, зеленило, зелен коридор од еден од влезовите, дополнително за паркинг зелени делови кај котларата и позади спортската сала, и се стеснуваат само на бетонираниот дел, со минимално зеленило.**<br>**На парцелите каде е предвидена зграда, 2.3.3 и 2.3.4 предвиден е истиот процент зеленило. Значи, се изедначуваат и јавните и приватниот објект, на ист процент зеленило, наместо да се задржи обемот и процентот на постојното урбано зеленило кај градинката и училиштето, односно да се задржат и сите децениски стебла во делот на Маларична. Се сведува на тоа дека за да се постави приватен објект се менува целокупниот постојан изглед на околината. Изработувачот на СОЖС несмасно дава насоки за озеленување на просторот до 20% (стр. 124) со што:**<br>**го игнорира фактот на постојната озеленетост на просторот кој е поголем од 20%;**<br>**не го адресира проблемот со губењето зелени површини со реализцијата на предметниот ДУП.**<br>**Овде напоменуваме дека компензациските мерки не смеат да се користат како аргумент за уништување на децениски старо зеленило, а изработувачот на СОЖС добро знае дека квалитетот на повозрасните дрвја во однос на екосистемските услуги е неспоредлив со млади ластарки кои вообичаено се садат.** |
| | **Одговор:** Извештајот за СОЖС јасно укажува на губење на зелените површини на сметка на имплементација на планските содржини предвидени со ДУП (сообраќајница со паркинг простор и домување во станбени згради и сл.). Во Извештајот за СОЖС се потенцира законската обврска за обезбедување минимум од 20% зеленило во секоја катастарска парцела посебно, а во финалниот СОЖС Извештај ќе биде стриктно наведено да се задржи постојното урбано зеленило и истото да не се пренаменува во паркинг простор. |
| 18. | **Коментар:** Во точката 3.2 Предмет и главни цели на Планскиот документ на страница 39 е наведено следното:<br>-рационално уредување и користење на просторот кое обезбедува ефикасно зачувување на просторните ресурси, капацитети и природни добра.<br>**Ова не е воопшто испочитувано, бидејќи не се зачувани просторните ресурси, капацитети и природни добра. Вцртано е огромно здание кое менува сè и е надвор од рационално уредување на просторот и тоа СОЖС треба да го евидентира.** |

| | |
|---|---|
| | -создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните со меѓусебно усогласена и урамнотежена разместеност на човечките дејности и активности во просторот, како и хармоничен развој и заштита на интегралните вредности на просторот.<br>**За какво хумано живеење станува збор? Со што се унапредуваат условите за хумано живеење, со уништување на илјадници квадратни метри зеленило, паркови, со надградба на детската градинка за комерцијална намена, со огромна зграда на местото на Маларична? Просторот сега ја има урамнотежената разместеност, но со новиот ДУП целосно ќе ја изгуби. Објаснете како објект П+4 кој се протега на две улици ќе ги заштити интегралните вредности на просторот.**<br>-надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет и обезбедување на функционалната пристапност и мобилност помеѓу градбите и подрачјата во и помеѓу населените места на сите граѓани, особено на лицата со намалена или отежната подвижност, децата, постарите и други.<br>**Ова може веднаш да се направи и на постојните објекти, здравствениот дом, училиштето, градинката. Приземните делови на овие објекти можеби и се прилагодени за лицата со намалена или отежната подвижност.**<br>-одржлив просторен развој обезбеден со разумно користење на просторот и заштита на природата, природните добра и животната средина, односно стратегија на одржливост која ќе обезбеди просторен развој што ќе ги превенира и одбегне ризиците од загадување и деградација на околината.<br>**Ова најверојатно е само формално поместено овде, по принциппот copy-paste кој е за жал воспоставен стандард. Со овој ДУП не постои ОДРЖЛИВ ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ, не постои РАЗУМНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ, најмалку ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА, ПРИРОДНИТЕ ДОБРА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА. Нема стратегија за одржливост туку има вметнување на приватните интереси во една кревка средина, и сето друго се прави само за да се адаптира просторот на нечии приватни потреби. Овој процес е очигледен, почнувајќи од отуѓувањето на државното земјиште за да се оформат градежни парцели, со намена приватни станбени објекти. Нема никаков просторен развој туку ќе придонесе токму за она што треба да се превенира и одбегне - РИЗИЦИ ОД ЗАГАДУВАЊЕ И ДЕГРАДАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА.**<br>**Најголемиот дел од целите спомнати на страница 40, кои урбанистичкиот план како „основен развоен документ“ треба да ги исполни, односно: „рационално користење на земјиштето, максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот, оформување препознатлива амбиентална целина, почитување и заштита на правото на човекот на работа, почитување и надградување на пејсажните вредности, оформување културен пејзаж, вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето, подигање хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица, почитување и валоризација на културното и градителското наследство, вградување на мерки за заштита на природата и животната средина“, со овој ДУП не се воопшто исполнети. Погоре во коментарите се наведени засебно за сите овие сегменти показатели и аргументирани укажувања.** |
| **Одговор:** При изработката на урбанистичките планови изработувачот и донесувачот на истите мора да ја имплементира важечката законска и подзаконска регулатива во | |

| | |
|---|---|
| областа на урбанистичкото планирање, а согласност на истите дава органот на државната управа надлежен за работите од областа на урбанистичкото планирање.<br>Со согласноста се потврдува дека планот е донесен согласно законската и подзаконската регулатива.<br>Коментарите за тоа дали еден план ги исполнува или не ги исполнува законските регулативи не ги коментираме бидејќи планот кој е во тек на изработка може и ќе претрпи измени во текот на негова изработка согласно мислењата од релевантните институции. | |
| **19.** | **Коментар:** Во табелата на страница 43 како релевантен документ е земена Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030), а во средната колона се спомнати:<br>- Обезбедување заштита на природата во Македонија базирана на принципите на „Натура 2000“ мрежата преку засилена имплементација на Стратегијата за биолошка разновидност и Акциониот План; - Промовирање нова мрежа за мониторинг на животната средина;<br>- Контрола на квалитетот на воздухот и да се намалат заканите по човековото здравје и функционирањето на екосистемите;<br>- Да се воведе управување со водните ресурси и да се намали загубата на вода и влијанието од загадувањето како основа за развој на планови за управување со речни корита;<br>**Во третата колона, како усогласеност е наведено дека „во Планската документација земен е предвид прифатениот концепт на Р.С. Македонија за одржлив развој, како начин кој води до економски напредок, социјална благосостојба и одржување рамнотежа во животната средина“ но не е детално покажано како по секоја од горните потточки се усогласени или вградени во овој ДУП.**<br>**На таа линија, табелата за мониторинг приложена во табела 18 служи како извадок од учебник за општество во кое носителите на власта демонстрирале високо ниво на свест и одговорност за заштита на средината. Добро знаеме како охриѓани каков „мониторинг“ досега се вршел и како се применувале мерките за ублажување на влијанијата. Зошто СОЖС не го зел во вид ризикот од постојните практики на работа туку се води од посакувани цели во документи кои не се реалзираат?** |
| **Одговор:** Ова се субјективни размислувања и нема да ги коментираме. И покрај тоа заради дел од вашите согледувања ќе се направат корекции во Финалниот СОЖС Извештај. | |
| **20.** | **Коментар:**На страница 46, како релевантен документ е земена Национална стратегија за животна средина и климатски промени, 2014-2020 (иако сме сега 2025 година). Тука, во средната колона е спомнато следно:<br>Главната цел на Национална стратегија за животна средина и климатски промени (нацрт) од аспект на одржлив развој е насочена кон подобрување на целокупниот квалитет на живот и избегнување на трајни штети врз животната средина. Од аспект на заштита на животната средина, целта е да се зачува и подобри квалитетот на водата, воздухот и почвата во Република Македонија, да се зачува постојната биолошка разновидност и природните ресурси. Од аспект на климатските промени целта на Стратегијата е да се намалат нивните негативни влијанија. |

| | |
|---|---|
| | **Во третата колона стои дека „целите на урбанистичкиот проект се во насока на подобрување на квалитетот на живот, со примена на мерки за заштита на животната средина“. На кој начин се штити животната средина, со изградба на огромен бетонски објект и уништување на безмалку целото постојно зеленило? Преку кои параметри е дојдено до ваков заклучок? Кои се тие мерки за заштита?** |
| **Одговор:** Во врска со вашите наводи, ќе се направат соодветни корекции во Финалниот Извештај за СОЖС. Во секој случај наведуваме дека СОЖС постапката не предвидува истражувања, кои се наведени во вашето барање, затоа што на ниво на плански документи се анализираат веќе донесените плански и стратешки документи и дали планскиот документ, кој се анализира, е во спротивност или усогласен со истите. Исто така, повторно го потенцираме фактот дека се работи за урбано земјиште, опфат во кој нема регистрирано значајни за заштита видови заради нивниот статус на загрозеност или ендемични видови, што упатува на нереалност на дел од вашите наводи во оваа точка. | |
| **21.** | **Коментар:** На истата страница, како релевантен документ е наведена Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план, (2018-2023), чии главни цели се:<br>- Намалување на директните и индиректните притисоци врз биолошката разновидност;<br>- Подобрување на статусот на биолошката разновидност преку зачувување на екосистемите, видовите и генетската разновидност заради зголемување на придобивките од биолошката разновидност и екосистемските услуги.<br>Во третата колона е наведено дека „ Со Детален Урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7 се предвидува уредување на земјиштето, намената и сл. во плански опфат, кој се наоѓа во граници на ГУП за град Охрид. Подрачјето е веќе урбанизирано, поради што директните притисоци врз биолошката разновидност нема.“<br>На иста линија е и оцената на влијанието на стр. 127.<br>**Врз основа на кои истражувања е дојдено до овој заклучок дека НЕМА директни притисоци врз биолошката разновидност? Како со драстично намалување на зеленилото на 155 м2 овој ДУП ќе придонесе за намалување на притисоците врз биолошката разност и екосистемските услуги на дрвјата конкретно? И во урбаните средини егзистираат животински и растителни врсти кои се во одредена симбиоза. Дали некој го истражувал овој опфат, во кој значителен дел е урбано зеленило, кое е поврзано? Од средното економско училиште до Маларична има зелен појас кој е дом на многу глодари, мали цицачи, инсекти. Треба да се земе во вид кумулативното влијание од кубењето на зелените острови во урбаните средини на Охрид. Бараме СОЖС да ги вметне и соодветно да ги анализира.** |
| **Одговор:** Во Извештајот за СОЖС се анализирани влијанијата врз биолошката разновидност. Секако со зафаќање на зелени површини со цел пренамена во градежно земјиште се врши директно уништување на присутната вегетација и притисоци врз биолошката разновидност и истото ќе биде потенцирано во финалниот СОЖС извештај.<br>Планскиот опфат не е истражуван од аспект на биолошка разновидност, бидејќи како што во погоре наведениот одговор е кажано во СОЖС постапката не се прават истраги | |

| | |
|---|---|
| на теренот, туку тоа се прави на ниво на проектна документација, онаму каде просторот и предвидената активност го бара тоа.<br><br>Зелените острови и нивниот континуитет не се предмет на анализа на стратегиската оцена на животната средина, но зелените површини се анализирани, како и процентот на нивната застапеност. | |
| **22.** | **Коментар:** И покрај тоа, со зголемување на процентот на класата на намена А2 домување во станбени згради ќе доведе до зголемување на бројот на жители во границите на ДУП, а со тоа и зголемување на потребата од водоснабдување, генерирање отпадни води и отпад кои може да предизвикаат индиректен притисок врз биолошката разновидност, односно Охридското Езеро, кое е прогласено за споменик на природата.<br>**Овде се чини за првпат (иако доста благо) е наведена одредена негативна страна од предложениот ДУП, но е спомнат само еден сегмент, односно отпадните води и отпадот и нивниот индиректен (а зошто не и директен) притисок врз Охридското Езеро. Да, уште еден огромен објект, и дополнителни количини отпадни води во колекторски ситем кој не е проектиран за толкав обем на урбан развој. Воедно тој не се целосно фунционален, а излевања при обилни врнежи се сѐ уште редовна појава. Изработувачот на СОЖС треба да го адресира реалниот проблем со колекторот во насока на одобрување на ДУП-от особено што „Нефункционалност на колекторскиот систем“ го препознал како закана врз медиумите на животната средина на стр. 86. Дополнително што препознава дека „Охридското Езеро е реципиент на отпадни атмосферски води и отпадни комунални води од кои дел воопшто не се пречистуваат“, но не го доведува во врска со зголемувањето на урбанизацијата со овој ДУП, во централното градско подрачје каде концентрацијата на посетители е најголема.** |
| **Одговор:** Забелешките се неосновани и не се прифаќаат, заради фактот што и самите кажувате дека сите овие аспекти се детектирани, а како и кој ќе ги реши е обврска на надлежните органи кои управуваат со наведените инфраструктурни објекти. | |
| **23.** | **Коментар:** На страница 47 како релевантен документ е наведен Планот за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029), а како усогласеност, во третата колона стои дека „при изработката на Планската документација земени се предвид барањата на управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029) и истите се инкорпорирани во Детален Урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, Општина Охрид.“<br>**Кои барања се инкорпорирани? Каде се инкорпорирани? Да се наведе конкретно кои од барањата за управување со Светското наследство се спроведени во планот и тоа по секоја од долунаведените во точка 2, извадени од Планот за управување.Во реалност, овој ДУП НЕ ГИ ПОЧИТУВА мерките за заштита утврдени со Планот за управување по неколку основи и тоа:**<br>1. **Со Планот се забранува окрупнување, односно создавање вештачка комбинација на неколку парцели за да се изгради голема градба. За оформување на споменатиот огромен станбен блок се врши спојување на дури 14 катастарски парцели во една градежна парцела, со цел постигнување на огромен габарит.**<br>2. **Според Планот за управување, новите градби во втората и третата урбана зона (каде се наоѓа предметниот ДУП) „треба да исполнат специфични аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности** |

| | |
|---|---|
| | **и традиции на историската област, како и условите на постојните структури". Воедно, новите градби треба да имаат:**<br>**- ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;**<br>**- габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро;**<br>**- улична гранична линија која ја следи линијата на постојните објекти;**<br>**- силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;**<br>**- висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите."** |
| **Одговор:** ВО СОЖС поглавјата потенцираме дека во однос на висината на објектите се испочитувани препораките од Планот за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029). Во однос на окрупнување на парцелите не може секаде да се усвои ист критериум, заради тоа што одредени маркици за градба опфаќаат повеќе катастарски парцели од каде доаѓа и потреба за окрупнување на истите, но не со цел да се предвидува изградба на станбени објекти со големи габарити, кои ќе претставуваат пречка за постојните визури во просторот, проветрување, осончување и сл. Нашите финални препораки, земајќи ги предвид и дел од вашите размислувања, ќе биде вградени во Финален СОЖС извештај.<br>Во однос на критериумите за планирање не треба да навлегуваме во професиите: архитекти, урбанисти и планери чија задача е да ги почитуваат постојните традиционални и културни вредности на Градот, како и законите и подзаконските акти од областа на урбанизација на просторот. | |
| **24.** | **Коментар:**„Исто така, во Планската документација се пропишани и мерки за заштита на природното и културното наследство на Охридскиот Регион."<br>**Кои се тие мерки за заштита? Рушење на стара градска куќа изградена пред безмалку еден век која со своите специфики де факто припаѓа на архитектонското наследство од XX век? Рушење на објектот на Маларична кој е исто така изграден пред еден век и каде делувала д-р Елена Етингер Каваева, една од основоположниците на современата македонска педијатрија? Уништување на амбиенталните вредности на овој единствен простор кој се карактеризираа со стари примероци на градската архитектура – куќи со двор? Губење на автентичноста на Охрид? Наведете конкретно.** |
| **Одговор:** Овие коментари се веќе елаборирани во одговорите на горните ваши размислувања/прашања. Сите барани одговори ќе ги најдете во Финалниот СОЖС Извештај во обем, дефиниран со постојната регулатива на ЕУ и РСМ, како и постојните меѓународни пракси. | |
| **25.** | **Коментар:** На страница 48 како релевантен документ во табелата е наведена Програмата за развој на Југозападниот плански регион (2021-2026), во чии среднорочни цели се спомнуваат меѓу другите и: унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија.<br>**На кој начин се унапредува туризмот, со уништување на урбано зеленило и објекти кои се дел од културното наследство (иако можеби не се досега формално валоризирани, но тоа брзо и лесно може да се направи)? Што сакаат да видат гостите, особено во централното градско подрачје – објекти со историја, зелени дворови од приватни илијавни објекти, релативно мирни улици или огромни бетонски здранија, паркинзи? Како се заштитува животната средина со уништување на урбаното зеленило? Да се образложи.** |
| **Одговор:** Среднорочните цели се дефинирани во Програмата за развој на Југозападниот плански регион (2021-2026), и како такви се презентирани во | |

| | |
|---|---|
| Извештајот за СОЖС. Анализа на корелацијата на целите на урбанистичкиот план и Програмата за развој на југозападен плански регион ќе биде дополнета и образложена. Вашите субјективни размислувања не ги земаме предвид, заради тоа што дел од нив се веќе адресирани во Нацрт СОЖС Извештајот, а дел, како што е порано кажано, ќе бидат додадени како препораки во Финалниот Извештај. | |
| **26.** | **Коментар:** На истата страница како релевантен документ е наведен Просторниот План на Охридско Преспанскиот Регион 2005-2020, кој има за цел „ создавање на порационална организација на различните видови на користење на земјиштето, како и нивна меѓусебна поврзаност, со што би требало да се избалансираат потребите од социо-економски развој, заштита на животната средина и нивото на техничката опременост на просторот.“<br>Како усогласеност, во третата колона е наведено дека „изработката на планската документација претставува исполнување на целите за просторен развој на регионот, заштита на биолошката и пределската разновидност, односно природното наследство. Концепцијата за просторно планирање на Општина Охрид се темели на основните принципи, развојни цели и одредби, дефинирани во Просторниот План за Регионот.“<br>**Еден куп небулози, само формално напишани фрази кои во суштина нема да се испочитуваат. Не е прецизирано на кој начин може зголемената урбанизација да ги исполни целите, особено за заштита на биолошката и пределската разновидност. На кои основни принципи се темели просторното планирање на Општина Охрид, кога за приватни цели се одзема државно земјиште на кое се наоѓаат здравствена установа, градинка и основно училиште, но и помали државни парцели кои со овој план се даваат на приватната парцела? Зошто не е земен во вид фактот дека Просторниот план исто така како и ГУП за Охрид се застарени и не се усогласени со Планот за управување што е законска обврска на државата односно општината?** |
| **Одговор:** Просторниот План и ГУП за Охрид се застарени, но истите важат до донесување на нови планови. Донесување на нови планови и нивното усогласување со Планот за управување не е предмет на разгледување на СОЖС, истото е обврска на надлежните органи.<br>Надлежните органи при измена на донесените планови и при донесување на нови ја имплементираат важечката регулатива во областа на урбанистичкото планирање. | |
| **27.** | **Коментар:** На страница 49 како релевантен документ е наведен Регионалниот план за управување со отпад на Југозападен плански регион. Во планскиот опфат се предвидува поставување контејнери за собирање на комунален отпад, со цел спречување на негативните влијанија од отпадот и правилно управување со истиот.<br>**Уште една локација каде од релативно мал обем на отпад, ќе се зголеми со изградба на планираниот објект и новите 420 постојани жители. Охрид нема депонии кои работат по одредени европски или светски стандарди, има две нестандардни ѓубришта кои се жариште на загадување на воздухот и подземните води, на најниско ниво е селекцијата и редуцирањето на отпадот а и навиките на граѓаните, иако има посебни контејнери за селекција најчесто се фрла сè на едно место. Не е изградена ниту регионалната депонија за југозападниот регион, иако тоа веќе одамна требаше да се направи, и да се затвори Буково.** |
| **Одговор:** Целите на Регионалниот план за управување со отпад на Југозападен плански регион е да се минимизираат негативните влијанија од управување на отпадот. Организираното собирање на комуналниот отпад е во насока на правилно управување со овој вид отпад, која што и во моментов се прави во градот Охрид. | |

| | |
|---|---|
| Постојната состојба и проблемите во управување со отпадот се прикажани во Извештајот за СОЖС.<br>Состојбата со депонијата Буково и регионалната депонија се проблеми кои треба да се решат на општинско и национално ниво. | |
| **28.** | **Коментар:** На истата страница како релевантен документ е наведен Локалниот еколошки акционен план на општина Охрид (2019 - 2025), како примарни цели се наведени:<br>- Спроведување барања за заштита на животната средина на локално ниво;<br>- Интегрирање на политиката за заштита на животната средина во останатите секторски политики;<br>- Поттикнување на сите субјекти кон поголема одговорност за заштитата на животната средина, особено јавноста;<br>- Промовирање на еколошки одржлив пристап во сите сфери на делување на Општината;<br>- Продолжување на процесот на приближување кон политиките на Европската унија во областа на животната средина, на локално ниво;<br>- Спроведување на барањата за заштита и управување со светското природно наследство како дел од Охридскиот УНЕСКО Регион;<br>- Обезбедување финансиски средства за решавање на приоритетните еколошки проблеми итн.<br>Како усогласеност стои дека „целите на Планската документација се во директна врска со целите на ЛЕАП на општина Охрид, особено во делот кој се однесува на спроведување на барањата за заштита и унапредување на светското природно и културно наследство како дел од Охридскиот УНЕСКО Регион и интегрирање на политиката за заштита на животната средина.“<br>**Како со овој план се заштитува животната средина? Се чини како само да се повторуваат истите или слични фрази во третата колона, кај различни релевантни документи, без детално образложување, само наведено во пар реченици. Дали со овој ДУП се поттикнува поголема одговорност за заштита на животната средина? Кој ќе се поттикне, оној што ќе го гради огромниот објект? Како со овој ДУП се промовира одржлив еколошки пристап? Зарем сериозно со еден ваков план се приближуваме кон политиките на ЕУ во областа на животната средина? Истата онаа ЕУ каде милионски главни градови, или значајни места ги прават градските центри за пешаци и велосипедисти, каде сообраќајници се претвараат во зелени зони или пешачки зони? На кој начин се спроведуваат барањата и препораките на УНЕСКО за заштита на природното и културно наследство? Сериозно изработена СОЖС ова треба да го аргументира.** |
| **Одговор:** Забелешките се повторуваат и се одговорени погоре. | |
| **29.** | **Коментар:** На страница 50, како релевантен документ е спомната Стратегијата за локален економски развој 2007, каде една од спомнатите стратешки цели за тематска област – Инфраструктура и заштита на животна средина (сообраќајна и комунална, урбано и просторно планирање) е „воспоставување механизам за ефикасно управување со инфраструктурата и интегрална заштита и управување со животната средина, светското природно и културно наследство почитувајќи ги законските регулативи и обврските превземени со потпишување на досието со УНЕСКО“. Дополнително, на следната страница се поместени и стратешки цели за тематска област - Култура, културно-историско и природно наследство, како:<br>- Засилена иницијатива за донесување на закон за Охрид;<br>- Изградба и подобрување на инфраструктурните, техничките и кадровски капацитети;<br>- Засилена, координирана и зголемена промоција и презентација на културното и природното богатство и културните настани;- Нови форми и активности за координиран и одржлив развој на културното и природното наследство. |

| | |
|---|---|
| | **Од сето ова, како усогласување единствено е спомнато дека „со планот е предвидено изградба на сепаратна канализациона мрежа за зафаќање на отпадните води, што е во насока на заштита и унапредување на светското природно и културно наследство како дел од Охридскиот УНЕСКО Регион“, но ништо повеќе. Не е спомнато дека овој ДУП не е во согласност со Планот на управување, по многу основи, не е во согласност со многу од препораките на УНЕСКО, на крај ниту во согласност со она погоре спомнато во Стратегијата за локален економски развој, а што се однесува на природното и културно наследство на Охридскиот Регион. Најпосле, дали Стратегијата за локален економски развој 2007 е разгледана од аспект на усогласеност со целите за заштита и зачувување на светското наследство?** |
| **Одговор:** Стратегијата за локален економски развој 2007 е разгледана од аспект на усогласеност со целите за заштита и зачувување на светското наследство и во однос на истата се предвидени мерки за заштита на културното наследство. | |
| **30.** | **Коментар:** На страница 52 како релевантен документ е наведена Стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид 2020. „Основната цел на туризмот во Општина Охрид е одржливиот развој со примена на принципите на УНЕСКО. Туризмот треба биде фактор на функционална туристичка дестинација, основа за креирање на туристички производи конкурентни на туристичкиот пазар и иновативни и квалитетни солуции.<br>Клучни стратешки цели:<br>- Охрид како туристичка дестинација да се потпира на заштитата и унапредувањето на животната средина како основна развојна компонента при што управувањето со капацитетот на просторот, отворениот инвестициски процес и туристичката инфраструктура ќе бидат од приоритетно значење.<br>- Компетенциите, иновациите и квалитетот да овозможат користење на прифатлива јавна свест за значењето на туризмот, а низ подобрен едукативен, комуникативен и управувачки процес, да се дојде до позитивни ефекти од развојот на туризмот.<br>- Креирање на туристички производи како плод на туристичките вредности на Општина Охрид низ кои придобивки ќе имаат засегнатите страни преку кооперативни партнерства.“<br>**Овде се забележува дека „целите на Планската документација не се во директна врска со целите на Стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид, но имплементацијата на планските содржини може да бидат во насока на подобрување на туризмот, како резултат на обезбедување на сместувачки капацитети и соодветна здравствена заштита.“ Да, би имале голем број станови кои би можеле да се искористат како сместувачки капацитет. Дали е направена анализа за потребата од дополнителни сместувачки капацитети? Колку и од кој тип? Што се случи со одржливиот туризам? Здравствена заштита? На оваа локација ќе нема ни брза помош ни услуги од примарно здравство и стоматологија, бидејќи Маларична се планира да се сруши. На кој начин ќе се подобри туризмот, не е објаснето. И наајважно, изработувачот на СОЖС треба да знае дека Стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид не е усвоен документ, нема правна сила, не поминал низ процесот на одобрување во Центарот за светско наследство и следствено не смее да се зема како релевантен документ.** |
| **Одговор:** Забелешката се прифаќа. Овој плански документ нема да се разгледува во финалната верзија на Извештајот за СОЖС. | |
| **31.** | **Коментар:** На истата страница, најдолу, како релевантен документ е наведена Стратегијата за развој на зеленило на Општина Охрид 2023 – 2032, во која цел е исполнување на визијата, Охрид да стане одржлив „зелен град“, со мрежа висококвалитетни и атрактивни зелени површини, што ќе придонесе за благосостојбата и здравјето на сите граѓани и посетители, притоа зачувувајќи ја |

<table>
<tr><td></td><td>животната средина и биодиверзитетот. Со исполнување на визијата, ќе се задоволи и законската обврска за 25 m2 по глава на жител.<br>Стратешките цели за исполнување на Стратегијата се:<br>- Да се претвори сивото во зелено;<br>- Зеленило за сите;<br>- Зелени кровови и ѕидови;<br>- Да ја донесеме природата во градот;<br>- Да зазеленуваме заедно.<br>Најавениот „зелен град“ никако да го видиме, Охрид нема зелен катастар, а во меѓувреме скоро секојдневно се сечат децениски стебла на јавните површини, уличните дрвореди, во училишните дворови, помеѓу станбените згради без никаква транспарентност. Се губат некогашните зелени дворови каде се градат нови поголеми објекти, кои зафаќаат скоро 100% од дадената катастарска парцела. Одредени делови на влезот и излезот од градот, кои некогаш беа ниви и овоштарници, ливади, сега се нови населби. Само една проверка на Google Earth открива колку е редуцирано зеленилото во градот, само во изминативе две децении. Како СОЖС го разбира уништувањето на децениските дрвја и зеленило од школски дворови со исполнување на целите за одржлив „зелен град“?</td></tr>
<tr><td colspan="2">Одговор: Вашите субјективни размислувања не ги разгледуваме. Токму заради уништување на зеленилото во Извештајот за СОЖС е наведено дека целите на Планот не усогласени со целите дефинирани во оваа Стратегија, бидејќи со планот се предвидува зголемување на процентот на домување во згради, а со тоа и зголемување на бројот на жители и намалување на процентот на неизградено земјиште во границите на планскиот опфат. Во однос на постојното зеленило и неговото пренаменување во паркинг простор или други градби ќе има конкретни предлози во финалниот СОЖС Извештај.</td></tr>
<tr><td>32.</td><td>Коментар: Усогласеност: Со планот се дава препорака дека процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела, потребно е да изнесува минимум 20%.<br>Она што е фрапантно е што со овој ДУП би се уништил скоро целиот зазеленет (со децениски стари дрвја) школски двор на ООУ „Григор Прличев“ - нешто што е неопходно за секоја образовна, но и воопшто средина на живеење. На околу 1.000 до 2.000 м2 одземени од школскиот двор (КП 14987) ќе никне паркинг кој треба да го опслужува предимензионираниот станбен блок. Во синтезниот план се гледа дека од вкупната површина на ДУП-от од 30.260 м2, за заштитно зеленило се предвидени само 155 м2. кој иако можеби нема да се приватизира, станува во функција на приватен имот. Зошто СОЖС не го адресира овој проблем?</td></tr>
<tr><td colspan="2">Одговор: Извештајот за СОЖС го адресира проблемот со зафаќање на зелениот простор, односно неизграденото земјиште (како што е наведено во Планот) и ги анализира влијанија кои произлегуваат од истото. Исто така, во заклучокот е наведено дека во планскиот опфат “со планираните класи на намени се зголемува процентот на површини со намена А2-домување во згради и Е1- Сообраќајни, линиски и други инфраструктури, а се намалува процентот на неизградено земјиште. Сепак во финалниот извештај за СОЖС ќе се даде поголем акцент на зафаќање на зеленилото. Зафаќањето на приватните парцели, нивната намена и оправданоста за пренамена е предмет на урбанистичкото планирање, дефинирано со Законот за урбанистичко планирање, Закон за урбано зеленило и Одлуката за утврдување начина на применување на минимален процент на зеленило во рамки на градежните парцели при издавање на одобрение за градба од Општина Охрид („Службен гласник“ бр. 09-6903/169 од 20.05.2022 година, Охрид).<br>Процентот од минимум 20% зеленило е пропишана законска обврска, која мора да се испочитува.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| 33. | **Коментар:** Неусогласеност: Планот не е во корелација со целите на Стратегијата за развој на зеленило на Општина Охрид, бидејќи со планот се предвидува зголемување на процентот на домување во згради а со тоа и зголемување на бројот на жители и намалување на процентот на неизградено земјиште во границите на планскиот опфат.<br>**Ова е првпат да видиме да стои НЕУСОГЛАСЕНОСТ со некој релевантен документ. Со други зборови, планот е обратнопропорционален на стратегијата. Или не ја почитува.**<br>**Според тоа не е онаков план како што сакаат подносителите да го прикажат. Зошто СОЖС не го адресираа овој проблем и препорача зачувување на зеленилото?** |
| **Одговор:** СОЖС го адресира проблемот со намалување на зеленилото и неусогласеноста на урбанистичкиот план со целите на Стратегијата за развој на зеленилото на општина Охрид. | |
| 34. | **Коментар:** На крај, на страница 53, како релевантен документ е наведен Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за Општина Охрид за период 2023-2027. Цел на планот за подобрување на квалитетот на воздухот е “до 2030 година значително да се намали бројот на смртни случаи и заболувања од опасни хемикалии од воздух, загадување на вода и почва” како и целта 11.6 (“до 2030 година, да се намали негативното влијание од животната средина во градовите по глава на жител, вклучително и со посебно внимание на квалитетот на воздухот и управувањето со комуналниот и другиот отпад”).<br>Неусогласеност: Планот не е во корелација со целите на Планот за подобрување на квалитетот на воздухот, бидејќи со Планот се предвидува зголемување на процентот на домување во згради, односно зголемување на бројот на жители во границите на планскиот опфат, а намалување на процентот на неизградено земјиште.<br>**СОЖС треба да го земе ова во вид при давањето насоки за реализација на нов ДУП.** |
| **Одговор:** Извештајот за СОЖС треба да ги анализира влијанијата кои може да произлезат од урбанистичкиот план и да ги презентира целите на планскиот документ и нивната усогласеност/неусогласеност со целите на донесените планови, програми и стратегии на национално, регионални и локално ниво. СОЖС го анализира планскиот документ и дава препораки како да се постапува понатаму. Но, дали ќе се изготвува нов ДУП или истиот ќе се преработи во насока на дадените препораки во СОЖС Извештајот, одлучува органот што го усвојува/донесува урбанистичкиот план, односно општина Охрид. | |
| 35. | **Коментар: Во поглавје 5, точка 5.1, во Здравјето на населението треба да се додаде и загадувањето на воздухот кое во зимските месеци редовно ги надминува дозволените граници на РМ 2,5 честичките** |
| **Одговор:** Не се прифаќа, бидејќи во Годишниот извештај за квалитет на животната средина во Р.С. Македонија за 2023 година, изработен од МЖСПП,кој води континуиран мониторинг на квалитетот на воздухот е констатирано е дека просечната годишна концентрација на РМ 2,5 честичките не е надмината на мерното место во Охрид. | |

| | |
|---|---|
| **36.** | **Коментар: Табелата на страна 86 во делот за Биолошка разновидност и природно наследство<br>треба да се дополни со:<br>- (навистина) последениот извештај на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО од 2024 година<br>- извештајот на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО од 2020 година<br>- Препораките на Постојниот комитет на Бернската конвенција<br>- Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (2023-2030)** |
| **Одговор:** Коментарот се прифаќа и истото ќе се дополни. | |
| **37.** | **Коментар:** На страна 88, стои дека без имплементација на овој ДУП „ќе бидат намалени можностите за вработување, подобрување на стандардот на живеење, социјален и економски развој на населението, што може да резултира со иселувањето на населението.“<br>**Врз основа на кои анализи се констатира дека со реализацијата на овој ДУП вработеноста ќе се зголеми? Изградбата на деловни простори во контекст на Охрид, каде веќе има многу празни деловни простори не значи нови вработувања. Корелацијата не значи и каузалитет – ваквите скокови кон заклучоци се несмасни и научно незасновани.** |
| **Одговор:** Не ги коментираме вашите лични размислувања и етикетирања. Сигурно е дека имплементацијата на планските содржини ќе овозможи: ангажирање на локални компании за нивна изведба, приходи во општински буџет, приходи од сместувачки капацитети и сл. заради што се очекува подобрување на стандардот на населението. Политиката на изградба на деловни простори ја дефинира општина Охрид во согласност со потребите на населението и во таа насока ја гради истата. | |
| **38.** | **Коментар:** На стр. 115 стои дека „Водена од овие уставни одредби, Република Македонија воспоставува функционален и ефикасен национален систем за управување со животната средина“.<br>**Ова е невистинито наведување и треба да се коригира согласно годишните извештаи на Европската комисија, Препораките на постојниот комитет на Бернската конвенција и извештаите на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО.** |
| **Одговор:** Со самото тоа што во Уставот на РСМ е дефинирано правото на секого за здрава и чиста животна средина, државата гради ефикасен национален систем за управување со животната средина низ стратешки и законски документи кои во крајна линија ќе го обезбедат истото. Овде не се зборува за двата документи кои ги наведувате. | |
| **39.** | **Коментар:**На стр. 123 стои дека „од имплементацијата на Планот не се очекуваат економски загуби на населението“.<br>**Упатуваме СОЖС серизоно за ја разгледа економската загуба од преголема урбанизација, губење на екосистемските услуги, зголемо загадување и потребата од ремедијација, паѓањето на вредноста на недвижностите од намалена бистрина на Охридското Езеро, негативните влијанија по природното и културното наследство и ризикот од ставање на листата на загрозено светско наследство на УНЕСКО.** |
| **Одговор:** Имплементација на планските содржини не предизвикува економски загуби на населението кое живее во планскиот опфат, како резултат на одземање на имот и сл. Исто така во просторот кој веќе е урбанизиран и со изградена инфраструктурна мрежа не можеме да зборуваме за екостистемски услуги. Сите други аспекти се земени предвид во соодветните поглавја на СОЖС Извештајот. | |
| **40.** | **Коментар: Невистинита е констатацијата на стр. 132 дека „Во границите на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство“. Погоре е** |

| | |
|---|---|
| | **образложена вредноста на куќата од почетокот на XX век која во квалитетна оцена на влијанието требало да биде препознаена. А, згора на тоа со ваквата констатација се игнорира фактот дека опфатот е составен дел на целината на светското културното наследство и како таков игра улога во неговата автентичност и интегритет. Констатацијата погоре наведува кон допуштање на активности кои не би смеело да се допуштат.** |
| **Одговор:** Надлежните институции ја немаат препознаено вредноста на куќата, како културно наследство, ниту истата е запишана во списокот на културно наследство во Охридскиот регионов Планот за управување со светско природно и културно наследство. Како што претходно е потенцирано институциите, надлежни за културно наследство се немаат изјаснето во постапката на подготовка на ДУП-от во смисла на постоење на културно наследство во планскиот опфат. | |
| **41.** | **Коментар: Во СОЖС на стр. 132 стои дека со имплементацијата на овој ДУП ќе се влијае на „намалување на ризиците од непланско уредување на просторот со некомпатибилни содржини или узурпација на просторот“. Ваквите повторувања се темелат на застарена и лажна логика која треба да го турка градот во бетонирање на секоја педа. Постојат правни механизми за спречување на непланско уредување и узурпација. Сериозна анализа не би смеела да си допушти оправдување на преурбанизација со ваков аргумент.** |
| **Одговор:** Забелешката не се прифаќа. | |

## 5 ЗАКЛУЧОК

Во текот на спроведената постапка за учество на јавноста во однос на Нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028, беа добиени забелешки од засегнатата јавност. Забелешките во голем дел се однесуваат на содржините на Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028, кој е предмет на Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на животната средина и истите се доставени до Сектор Урбанизам на општина Охрид (донесувач на планскиот документ) и изработувачот на Планот.

# Прилог 1 - Записник од одржана јавна расправа и листа на присутни

ОПШТИНА ОХРИД
Ул.Димитар Влахов бр.57
Охрид

*Сектор за заштита на животна средина и управување со отпад*
*Одделение за планирање и управување со заштитени подрачја и други зштитени делови од природата*

Врз основа на член 61 став 5 од Законот за животна средина („Сл. весник на Р.С. Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22), и член 8 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработка на прописи и други акти како и планови и програми од областа на животната средина ("Службен весник на РМ", бр. 147/08 и 45/11), како и донесената Одлука за организирање на јавна презентација на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Детален Урбанистички План за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028, изготвен е

**З А П И С Н И К**

за одржана јавна расправа по нацрт Извештајот за Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) за Детален Урбанистички План за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028.

Јаваната расправа се одржа на ден 20.02.2025, во 12:00 часот, во просториите на општина Охрид. На јавната расправа присуствуваа претставници од: МСЖПП (Сектор за просторно планирање), општина Охрид, „ДЕКОНС-ЕМА"ДООЕЛ Скопје, „ИН-ПУМА" Скопје и „РЕМИС" Охрид.

Јавната расправа ја отвори г-ѓа Јасмина Момироска, раководител на одделение за планирање и управување со заштитени подрачја и други заштитени делови од природата, која даден краток вовед за Извештајот за СОЖС и спроведените активности во согласност со законската процедура. Истата посочи дека Извештајот за стратегиска оцена за животната средина за Урбанистичкиот проект е објавен на веб страната на општина Охрид на 03.02.2025 година и јавноста во рок од 30 дена може да доставува забелешки. Односно последен ден за доставување на забелешки е 05.03.2025 година.

Потоа, даде збор на изработувачот на Извештајот за СОЖС за Детален Урбанистички План за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028, односно „ДЕКОНС-ЕМА" ДООЕЛ Скопје.

Извештајот за СОЖС го презентираше г-ѓа Ана Стојановска, дипломиран еколог-овластен експерт за стратегиска оцена на животната средина од „ДЕКОНС-ЕМА" ДООЕЛ Скопје.

Во текот на презентацијата даден е осврт на:

- процедурата на стратегиска оцена на животната средина и законската регулатива;
- целите на стратегиската оцена;
- содржината на извештајот за стратегиска оцена;
- преглед на планскиот документ, односно на Детален Урбанистички План за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид, плански период 2023-2028;
- корелација на целите на Планот со други релевантни планови и програми/плански документи на национално, регионално и локално ниво;
- области кои се од посебено значење за животната средина од аспект на заштита на дивите птици и хабитати;
- очекуваните влијанија врз животната средина од реализација на планската документација
- мерките за намалување на влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето;

За надминување на влијанијата врз медиумите од животната средина, во Извештајот за СОЖС се дадени следните препораки:

- При имплементацијата на Планската документација да се следат и имплементираат препораките дадени во Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029), во однос на заштитата на културното и природното наследство;
- Преземање на компензациони мерки во случај на направени штети со кои е засегнато населението, нивното здравје и безбедност;
- Примена на мерките предложени во планската документација и Извештајот за СОЖС кои се однесуваат на ефикасно користење на просторот, намалување на емисиите во животната средина, со цел избегнување на директните и индиректните ефекти врз медиумите и областите од животната средина и населението;
- На ниво на проект за секоја градежна парцела да се почитува одредбата за минимум 20% застапеност на зеленило во согласност со Одлуката за утврдување начина на применување на минимален процент на зеленило во рамки на градежните парцели при издавање на одобрение за градба од Општина Охрид („Службен гласник" бр. 09-6903/169 од 20.05.2022 година, Охрид), Закон за урбано зеленило и со Стратегија за развој на зеленило на Општина Охрид 2023 – 2032.

По презентацијата на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина се отвори следната дискусија.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) – со оглед на тоа што ние сме иницијатори на донесување на овој план, наш првичен предмет на интерес е основното училиште„ Григор Прличев“ и детската градинка. Кај ОУ „Григор Прличев“ имаме потреба од овој ходник што го гледате, што ги спојува двете згради. Во СОЖС не видов дека е земен во предвид, аспектот на животната средина, бидејќи основен поттик на донесување на овој урбанистички план е заштитата на животната средина, зошто едната зграда е многу стара и не е енергетска ефикасна. Опасноста што ја спомнавте дека ќе има оптеретување на водоводниот систем, ние веќе во моментов имаме азбестни цевки и се претпоставува дека имаме понирање/губитоци на вода. Ризиците кои ги наведовте за нарушување на зеленилото на сметка на возила и влијанија од истите од тој аспект ние не гледаме пречка. Маркицата за градинката е проширена.

Снежана Неловска (ИН-ПУМА) - Дадена е рамковна површина, која нема да биде целосно искористена. Градинката ќе може да си го уредува објектот според потребите.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) - значи дворот нема да го изгубиме, зошто нас тоа ни е многу важно.

Ана Стојановска („ДЕКОНС-ЕМА“) - Кај која зграда од училиштето имате губиток на вода.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) – постоечката стара зграда на училиштето сакаме комплетно да ја реновираме и со овој тунел да ја поврземе со новата зграда и да направиме енергетска ефикасна фасада на објектот, Да ги подобриме слабостите кои вие ги предвидувате со СОЖС.

Ана Стојановска („ДЕКОНС-ЕМА“) - Влијанија кои се оценети како можни.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) - ние не велиме дека се можни, туку тие влијанија веќе се случуваат. Јас не сум експерт и не знам како се изработуваат овие документи, ако е можно да се потенцира дека мотивот на целата активност е заштита на животната средина, бидејќи 30 години имаме проблем. Сите испитувања ги направивме и дојдовме до заклучок дека водата понира под старата зграда и затоа имаме највисока сметка на вода за тоа училиште. Имаме понирање на вода под старото училиште, кое треба да се сруши. Дополнително добив одговор дека маркицата на градинката за нас градежно не е волку потребно. Поважно е зеленилото и дворот за децата. А маркицата да си остане во постоечката состојба.

Менка Спировска („ДЕКОНС-ЕМА“) - јас сум од страната на изработувачот на СОЖС и ви благодарам за оваа забелешка. За жал ова што вие го кажавте сега не е кажано ниту во постојна состојба на планот ниту во планирана состојба. А ние тоа би го ценеле доколку го видевме. Затоа зборуваме за енергетски објекти и сл. Но во планската документација го нема. А првата комуникација со директорот на училиштето беше дека планот се прави и има за цел да се подобрат условите во училиштето, односно реконструкција. Со желба да се помогне на училиштето ние се нафативме на оваа активност но за жал ние во планот тоа не го видовиме. Но видовме дека се намалува зелена површина на сметка на паркинг простор и изградба на згради, се предвидуваат дополнителни 420 жители. Тоа е потенцирано во

планот, а не она што вие го потенциравте сега, но затоа ќе го земеме во предвид во финалниот извештај за СОЖС.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) - по начинот на презентација кога јас би бил тој кој би носел одлука, многу би се мислел дали ќе донесам позитивна одлука. Аргументиве наши како сектор, се дека баш заради заштита на животната средина го правиме и можеме многу лесно да го провериме и да излеземе со сметките за струја.

Менка Спировска („ДЕКОНС-ЕМА“) - Дали вие учествувате во подготовка на планот? Затоа што и во стариот план од 2008 година, наместо зеленило има паркинг простор, постојат тие 2 згради, сеуште. Само ново во планираната состојба е постојната пешачка патека за влезот во училиштето сега е улица.

Тоа е влезот во училиштето

Менка Спировска („ДЕКОНС-ЕМА“) - Сега е сообраќајна. По мене кога веќе имате Стратегија за зеленило (која предвидува 25% по жител) и Одлука за 20% во рамки во парцела. Зошто намалувате земјиште под зеленило за паркинг простор, кога може во зградите кои се планирани по мене да бидат и со намален габарите и под нив да има паркинг простор со пристап од постоечките улици. Зошто во простор за зеленило правиме паркинг простор.

Снежана Неловска („ИН-ПУМА“) – Еве ќе ви одговорам на тоа. Планот е во целост усогласен со претходен важечки план, меѓутоа таму нема урбано зеленило од 2008, така се изработувале и во рамки на сопствена парцела се уредуваше. Паркингот и зеленилото всушност се во рамки на парцелата од зградата, така се презентираше. Сега немаме во 1 парцела да прикажуваме различни намени. Тоа зеленило кое вие го гледате е зеленило од зградата кое што е 20% и ги обврзуваме сите градежни парцели да имаат 20% зеленило. Има ДУП кој треба да го следиме. Се додека не се донесе нов овој ДУП има важност.

Елена Јанкоска Цветаноска (општина Охрид – сектор Урбанизам) - Плански период е едно а важност е друго. Важноста е се додека не донесете друг план.

Снежана Неловска („ИН-ПУМА“) - Всушност која е промената од претходен план, парцелата за домување е намалена, бидејќи таму е прикажан паркингот во состав на парцелата. Сега ги обврзуваме да има подземно паркирање, а на тоа место ставам јавни паркинзи, бидејќи и за јавни паркинзи е секогаш проблем во градот и треба да се обезбеди.

Менка Спировска („ДЕКОНС-ЕМА“) - ве молам да ги избегнете овие јавни паркинзи во близина на училишта и градинки. Од нив имаме емисии од мобилни извори, бучава, нарушување на безбедноста на децата и сл. Оттаму е пристапот. Јас сакам оваа расправа да поразговараме заедно. Доколку можете да направите одредени измени во Планот во овој простор кај што има образовни и социјални дејности (градинка), не обврзува сите повеќе да се грижиме во просторот, односно јавните зелени површини да не ги пренаменуваме во паркинг простор и станбени згради. Ако може да се намали дури габаритот на зградите, кои се во форма на Г буква и ги нарушува визурите на просторот. Ова е мое мислење и видување но вие од планерски и урбанистички аспект треба да го размислите и заедно со општината да го дефинирате.

Јоне Станковски (општина Охрид)– Новопроектираната улица која што е предвидена за влез во паркинг во моментот е главен влез во училиштето.

Снежана Неловска (ИН-ПУМА) - може да се пристапи и од ул. Караорман и ул. Димитар Влахов.

Јане Станковски - таму нема тротоар само се нацртани.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) - а од Димитар Влахов влегува само комбето и нема доволно простор.

Снежана Неловска (ИН-ПУМА) – Делот на зеленилото да се дефинира за училиштето и градинката затоа сме надлежни. Кога планот ќе оди во Министерство за труд и социјална политика ќе не праша за дворот за градинката.

Снежана Неловска (ИН-ПУМА) - Не можам да го уредувам во рамки на парцела, давам намена. Таму е дадена рамковна површина во случај на развој на градинката.

Елена Ј. Цветаноска (општина Охрид – сектор Урбанизам) – ќе се решава со проект.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) – во Извештајот да го опфати овој момент, и да каже дека дополнително ќе се разработи.

Менка Спировска („ДЕКОНС-ЕМА“) – Во Извештајот можеме само да предложиме и немаме мандат да кажуваме како да се постапи. Планерите треба да постапуваат согласно законските регулативи.

Неби Реџепи (МЖСПП) – мало надополнување во однос на објаснувањето на г-ѓа Менка Спировска. Критериумите за изработка на планот ги изработува носителот во овој случај општина Охрид. Извештајот за СОЖС може да се надополни со дополнителни насоки и смерници за подобрување на тоа. Но крајно што и како ќе се превидува останува во рацете на Општина Охрид. Од друга страна Изработувачот треба да ги запази законските минимуми по однос на тоа што треба да ги содржи еден план. Барањата треба да произлезат од ваша страна. Тоа што се прави разработка на стариот план по мене не треба да се оди по стари аршини во 2025, кога знаеме дека веќе имаме законски регулативи и нови законски регулативи кои треба да се почитуваат и инкорпорираат во новиот план. Сите елементи секако дека експертот ќе ги нотира и ние ќе ги предложиме,Експертот во Извештајот ние во нашето Мислење, но проблемот е тоа што Мислењето претставува мислење не е решение врз основа на кое ние треба да пресечеме или да отвораме пат, како треба и што треба планот треба да содржи. Со една реченица, на општината останува забелешките, насоките и препораките кои ќе произлезат од Извештајот за СОЖС и мислењето дали ќе ги земе во предвид или не.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) – За вас имам прашање може е надвор од темата. Дали е можно законот за градење да претрпи промени или олеснување при изградба на јавни објекти. Дали може да се смени од ваша страна законскиот рок. Еве го интересот на јавноста денес. Ако сум заинтересиран јас денес сум тука. Дали како Министерство има простор да се влијае врз рокот на процедурата, односно да се скратат деновите.

Неби Реџепи од МЖСПП – Во однос на ова прашање само тоа што ние го покриваме за Извештајот за СОЖС, во случај кога јавноста нема забелешки по јавна расправа и можеме да го скратиме наместо 60/90 дена, мислењето под Извештајот за СОЖС го даваме за пократок период.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) - мислев на периодот на запознавање на јавноста дали може да се скрати.

Неби Реџепи од МЖСПП – СОЖС произлегува од ЕУ директивата и не може да се скрати периодот на запознавање на јавноста.

Менка Спировска („ДЕКОНС-ЕМА") – Јас сум многу задоволна што сте тука денес, покрај тоа што ја немаме јавноста, затоа што сте компетентни. Законските образложенија во процедурата за стратегиска го кажуваат ова што денес го имаме. Може треба да го почнуваме порано иако немаме пракса. Некогаш добиваме готови планови и на тоа го изготвуваме Извештајот за СОЖС. Нашата соработка треба да почне со одлука за изработка на УП, а не со Нацрт. Кога ги објавувате стратегиските оцени да ги објавувате пред вие да ги објавите програмите за планирање на урбанистички планови, за експертите за СОЖС да воспоставиме навремена комуникација за да одредени аспекти од животна средина се проткаени со вашите планови и овие процедури да одат поедноставно со стандардите за животна средина и просторно планирање

Дејана Марковска (МЖСПП) – законски е процедурата за СОЖС да започне со одобрена планска програма. Не одобрен план па после СОЖС.

Менка Спировска („ДЕКОНС-ЕМА") – Отпочнување се мисли на правење Одлука и формулари за СОЖС. Започнуваме комуникација, посочуваме стратегии релевантни на национално, регионално и локално ниво а не само од урбанистичко планирање, кои се анализираат во СОЖС. Тоа е комуникацијата.

Катерина Гушо Трајковски (општина Охрид) - Дали на паркингот воопшто зеленило не е предвидено?

Снежана Неловска („ИН-ПУМА") - Мало заштитно зеленило во планот е предвидено. Зеленилото се дефинира во рамките на сопствените парцели.

Менка Спировска („ДЕКОНС-ЕМА") – имаме проблем кога работиме и Студии за зеленило во рамките на ГУП, имаме колизија на законите. Се оди дотаму дека јавно зеленило е кровно или жардињери. Но е дозволено со закон.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) - Никој од нас не сака да направи штета ниту на зеленило, нас градинка и двор не ни треба без двор и пристап. Кога ќе ја видам маркицата за градинката ме асоцира на градежна и се остава простор за манипулација. Претходната катност беше П+7, а на наше барање се направи П+1. Нас планот ни треба за топлиот ходник на училиштето и санација на водоводната мрежа која протекува.

Снежана Неловска („ИН-ПУМА") – малку е специфично кога се работи на претходно важечка документација се смета за стекнато право и ни прави проблеми. Имаме многу филтри. Ќе

стигнеме до транспорт и ќе бројат паркинзи. Паркинзите што се прикажани во рамки на сопствена парцела, како партерно уредување ги бројат.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) – да проверите дали со губење на квадратите во дворот. Дали Министерство за образование ќе ни даде негативно мислење. Министерството за образование и Министерството за труд и социјала и Министерство за здравство, дадоа позитивно мислење.

Јасминка Т. Момироска (општина Охрид) – Што ќе се случи со објектот на Маларична?

Снежана Неловска („ИН-ПУМА") – Има изработена ЛУПД и е предвидена нејзина дислокација, пресметано е дека локациски не одговара за ваква установа.

Менка Спировска („ДЕКОНС-ЕМА") – Во зградите за домување каде има предвидено 40% компатибилни класи може да се сместат здравствените ординации.

Снежана Неловска („ИН-ПУМА") – Да, ќе може.

Менка Спировска („ДЕКОНС-ЕМА") – Ни догаѓаат климатски промени, сега со намалување на зеленило, каде може да се направи парк. Сите места треба да се предвидат за зеленило со цел зголемување на нивната површина.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) – со водоводните цевки ќе направиме заштеда од 10 000 евра. Доколку успееме да го гасифицираме тој дел од градот сите јавни институции ќе може да ги поврземе.

Јоне Станковски (општина Охрид) Сите овие постапки не кочат да ги направиме овие работи и затоа бараме да не издвојат во посебен план со цел забрзување на постапката која се влечка од 2021 година, денес 2025 година имаме загуби на вода многу. Условите во кои учат децата не се на соодветно ниво, а во моментот е најголемо училиште и е централно. Во ваква постапка и со вакви реакции на јавност нема да се заврши брзо.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) – втор повик на Владата ни пропаѓа, а можевме да обезбедиме 2 000 000 денари средства, доколку имавме дозвола за градба.

Менка Спировска („ДЕКОНС-ЕМА") – Вие нема да имате проблем. Ние имаме проблем со усогласеноста на планот со стратешките документи, бидејќи се одзема зеленило за градежни парцели што не е усогласено. Сакаме со Извештајот за СОЖС да влијаеме тоа да не се случи, односно колку што е можно да се почитува зеленилото и габаритите за градба да се намалат.

Димитар Спасески, Општина Охрид (сектор образование) – Да се наведе дека ние не сме кочничари и во нашите парцели сме побарале зеленило колку што е потребно. Имаме аргументи. Повикот на Владата го пропуштаме и не можеме да се помириме со тоа. Ја немаше со години, а не можеме да обезбедиме суштинско прашање кое не го решаваме заради процедурите.

Јавната расправа заврши во 13 часот и 30 мин.

Составен дел на овој записник е Листа на присутни и фотографија од одраната јавна расправа, даден во продолжение.

Датум на изработка: 24.02.2025 година

Изготвил:

Раководител на одделение за планирање и управување со заштитени подрачја и други заштитени делови од природата

Јасминка Т. Момироска

**Прилог - Листа на присутни од јавна расправа и фотографија од одржана јавна расправа**

ЛИСТА НА ПРИСУТНИ ОД ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 2, УБ 2 3-ОПФАТ 7, ОПШТИНА ОХРИД , НА 20.02.2025г. СО ПОЧЕТОК ВО 12 ЧАСОТ ВО МАЛА САЛА НА ОПШТИНА ОХРИД

| РЕДЕН БРОЈ | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ИНСТИТУЦИЈА | E-MAIL | ТЕЛ.БРОЈ | ПОТПИС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | [illegible] | ИН-ПУМА, Скопје | [illegible] | [illegible] | |
| 2. | Викторија [illegible] | ИН-ПУМА, Скопје | [illegible]@gmail.com | 078-604-105 | |
| 3 | Маргарита [illegible] | Ремис - Охрид | [illegible]@yahoo.com | 070 261 615 | |
| 4 | [illegible] | Ремис - Охрид | -ll- | 070 945 438 | |
| 5. | [illegible] | ДЕКОНС-ЕМА | [illegible]@ema.com.mk | 078 252 646 | |
| 6. | Зорана [illegible] | МЖСПП | [illegible]@moepp.gov.mk | 076 455 457 | |
| 7 | [illegible] | -ll- | [illegible]@moepp.gov.mk | 075 [illegible] | |
| 8. | Зафије [illegible] | -ll- | [illegible]@moepp.gov.mk | 070 319 565 | |
| 9 | Ана Стојановска | ДЕКОНС-ЕМА | [illegible]@ema.com.mk | 078 252-593 | |
| 10 | [illegible] Т. [illegible] | Општина Охрид | [illegible]@yahoo.com | 075/453-298 | |
| 11. | Катерина [illegible] | Општина Охрид | [illegible]@gmail | 070 587 743 | |
| 12. | [illegible] | Општина Охрид | [illegible]@hotmail.com | | |
| 13. | [illegible] | Општина Охрид | urbanizam6 ohrid.gov.mk | 070 247 776 | |
| 14. | Ангела Рибарова | Општина Охрид | angela.ribarova@ohrid.gov.mk | 078 759 709 | |
| 15. | Софија [illegible] | ОПШТИНА ОХРИД | [illegible]@ohrid.gov.mk | 071 576 330 | |
| 16. | [illegible] | Општина Охрид | [illegible]@ohrid.gov.mk | 070 934 170 | |
| 17. | [illegible] | Општина Охрид | [illegible].com | 071/226 318 | |
| 18. | [illegible] | Општина Охрид | [illegible]@ohrid.gov.mk | 078 331 764 | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |



# Прилог 2 - Доставени забелешки по електронски пат




Писмено Мислење и став на жители на град Охрид по однос на Јавната Расправа по Нацрт Извештајот за Стратегиска Оцена на Влијанието на Животната средина за Детален Урбанистички План УЗ 2, УБ2.3 Опфат 7 за Општина Охрид

Во Утврдениот рок го доставуваме ова Писмено Мислење до Животна Средина. И бараме да влезе во Записникот за Оваа Јавна Расправа на комисијата која ја организира оваа Јавна Расправа.

Во Центарот на Охрид веднаш до Гимназијата од страна на Приватна проектантска фирма и во соработка со општината Охрид се предлага на местото на постоецкиот Здравствен Дом Маларична просторот е Државна сопственост сега се предлага одземање од Државна сопственост за изградба на Приватна Зграда А2 домување, и вклопување на приватен објект од Јанковци во комплексот Зграда А2, во продолжение како жители на

таа месна заедница на Охрид и како граѓани ќе ги образложиме фактите со кои сме проетив овај Предлог ДУП.

На цртежот од предлог ДУП за У32 УБ2,3 опфат 7 е даден предлог на постоечкиот Здравствен Дом Маларична кој е во Државна сопственост и е во функција на Здравјето на граѓаните и има Јавна функција сега се предлага одземање на сопственоста и прекинување на Јавната функција и пренамена на Земјиштето во А2 колективно домување Зграда П ризември плус 4 спратови со висина од 15,20. Аргументи за ваква трансформација нема и не се образложени од кои причини Колективното становање е побитно од Јавната функција ЗДРАВЈЕ.

Да потсетиме дека претходно за овај Здравствен Дом Маларична се предлагаше нејзина реконструкција.

Со кој аргумент Државата би се откажала од Здравствениот Дом Маларична и вршењето на Јавната функција во интерес на Граѓаните а да се пренамени за колективно становање на 20 или 30 станови зарем становите се побитни од Здравјето на граѓаните.

За нас граѓаните Здравјето е најважно и потребата од овај Здравствен дом е општо прифатено, а за другата страна становите се побитни .која нема респект ни кон јавнтото Здравје ни кон историското и медицинското минато на овај објект, Маларична.

Локалната Власт ова го прави на штета на Државата и Граѓаните и децата кои учат во основното училиште веднас до Здравствениот Дом Маларична, притоа гледајќи ги само профитот и лични интереси.

Овај предлог ДУП е изработен од проектантска фирма од познат бизнисмен , кој и со својата градежна фирма деградирал и претходно не само во Охрид туку и во Скопје кај поранешна фабрика Треска.

На предложениот ДУП и со проширувањето на габаритот на објектот А2 се отстранува постоечкото зеленило- децениски стебла во дворот на Маларична и во основното училиште кое е во порвшина половина од градежната парцела, со новиот предлог сето тоа ќе биде уништено,

Изготвувачот на овај ДУП воопшто не го зел во предвид фактот што Охрид се соочува со секојдневно аерозагадување, тоа го покажуваат мерните инструменти секој ден,не им се битни дрвјата како прочистувачи на воздухот секојдневните мерни инструменти покажуваат дека Охрид е еден од најзагадените градови ама на градежниците, битно им е што повеќе станови да има и затоа е габаритот на предвидената зграда толку голем.

Овој предлог ДУП се коси со Документот усвоен од Владата под име План за Управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион 21.10 2020. Каде е дефинирана површината на изграденост 50% од вкупната површина на градежната парцела. И посебно спратноста на објектите кои се наоѓаат покрај јавна установа ўќилиште

таа месна заедница на Охрид и како граѓани ќе ги образложиме фактите со кои сме проетив овај Предлог ДУП.

На цртежот од предлог ДУП за УЗ2 УБ2,3 опфат 7 е даден предлог на постоечкиот Здравствен Дом Маларична кој е во Државна сопственост и е во функција на Здравјето на граѓаните и има Јавна функција сега се предлага одземање на сопственоста и прекинување на Јавната функција и пренамена на Земјиштето во А2 колективно домување Зграда П риземје плус 4 спратови со висина од 15,20. Аргументи за ваква трансформација нема и не се образложени од кои причини Колективното становање е побитно од Јавната функција ЗДРАВЈЕ.

Да потсетиме дека претходно за овај Здравствен Дом Маларична се предлагаше нејзина реконструкција.

Со кој аргумент Државата би се откажала од Здравствениот Дом Маларична и вршењето на Јавната функција во интерес на Граѓаните а да се пренамени за колективно становање на 20 или 30 станови зарем становите се побитни од Здравјето на граѓаните.

За нас граѓаните Здравјето е најважно и потребата од овај Здравствен дом е општо прифатено, а за другата страна становите се побитни .која нема респект ни кон јавнтото Здравје ни кон историското и медицинското минато на овај објект, Маларична.

Локалната Власт ова го прави на штета на Државата и Граѓаните и децата кои учат во основното училиште веднас до Здравствениот Дом Маларична, притоа гледајки ги само профитот и лични интереси.

Овај предлог ДУП е изработен од проектантска фирма од познат бизнисмен , кој и со својата градежна фирма деградирал и претходно не само во Охрид туку и во Скопје кај поранешна фабрика Треска.

На предложениот ДУП и со проширувањето на габаритот на објектот А2 се отстранува постоечкото зеленило- децениски стебла во дворот на Маларична и во основното училиште кое е во порвшина половина од градежната парцела, со новиот предлог сето тоа ќе биде уништено,

Изготвувачот на овај ДУП воопшто не го зел во предвид фактот што Охрид се соочува со секојдневно аерозагадување, тоа го покажуваат мерните инструменти секој ден,не им се битни дрвјата како прочистувачи на воздухот секојдневните мерни инструменти покажуваат дека Охрид е еден од најзагадените градови ама на градежниците, битно им е што повеќе станови да има и затоа е габаритот на предвидената зграда толку голем.

Овој предлог ДУП се коси со Документот усвоен од Владата под име План за Управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот регион 21.10 2020. Каде е дефинирана површината на изграденост 50% од вкупната површина на градежната парцела. И посебно спратноста на објектите кои се наоѓаат покрај јавна установа училиште

каде учат деца, а во случајов спратноста од приземје и 4 спрата со висина од 15,20 го одзема светното кое е потребно за овие деца бидејки објектот ућилиште е во непосредна близина.Предложената зграда е ориентирана југ запад и потполно го засенува училиштето.Григор Прличев.

Во овај случај урбанизацијата на овај простор со ваков објект не е прифатлив и Сме Против од следниве причини и треба да се отфли оваа идеја.

А.Предложениот ДУП е спротивен на Планот за Управување со Охридскиот регион . и негативно влијае врз животната средина.

Б. Габаритот на предложениот објект е недозволив и е спротивен на предвидените 50%, изграденост , и треба да си остане било каков планиран објект во границите на постоечкиот објект Маларична. А да биде осовремен во модерна Медицинска установа .

В. Висината од Приземје плус 4 спрата е преголема за овај дел од градот и преставува опасност и загрозување на осветлувањето на основното училиште Григор Прличев. Висината на било каков планиран објект треба да биде идентична со висината на Основното училиште Григор Прличев. И да не го засенува истото.

Г. Сопственоста на земјиштето и Јавната функција на Здравствениот Дом Маларична не смее да се трансформира во А2 колективно домување, бидејки Јавната функција Здравје е приоритетна за потребите на граганите .

Д. Наш предлог е Маларична да си остане Здравствен дом да ја извршува својата функција и да биде спомен објект за животот и делото на озивачот на детската педијатрија доктор Елена Каваева и нејзинито сопруг Охриганецот Владимир Кавај хирург.

Г. Овај предлог ДУП е спротивен на Препораките на Унеско за заштита на Охридскиот регион, каде точно се наведува неконтролираната Урбанизацоја е причина за загрозување на Охридскиот регион.

Е. Зелените површини се битни за град Охрид бидејки се соочува со Аерозагадување, законскиот минимум според СОЖС е 20%. За оваа парцела вкупната површина е 30.260 а за зелена површина се предвидени само 155 метра кв.На овај простор опстојуваат дрва кои се во добра кондиција и не треба да се сечат.

Ж. Согласно Стратегискиот план за Рехабилитација на Охридскиот регион 2023-2030 требаше да биде изработена Национална методологија за оцена на влијанието врз природното и културното наследство на Охридскиот регион , врз основа на препораките на Унеско каде ке се гарантира дека Урбанистичкото планирање ке биде професионално и Соодветно на Вредностите и влијанието врз Охридскиот Регион. Маларична е еден вид Бренд за Охрид и таков треба да остане.

З. Венецијанската комисија која делува во РС Македонија треба да го разгледа овај Предлог ДУП и да даде свое мислење и да стави крај на непрофесинализмот и деградацијата на град Охрид. Овај предлог ДУП е класичен пример за аматеризам, клиентелизам, и лични бизнис интереси наспроти Јавниот интерес и правосудните органи како Јавното Првобранителство треба да покренат постапка за Заштита на Државниот имот и Јавната функција на Здравствениот дом Маларична.

И. Проектантот на овај предлог Дуп не водел сметка за визуелниот и амбиентален изглед на предложениот објект А2 во габаритот и спратноста при што по должината на ул.Димитар Влахов до влезот на основното училиште прави бедем со новопроектираниот објект, особено обрнувајки внимание на осветлувањето и проток на свеж воздух према основното училиште каде престојуваат деца. Воедно се прави тесно грло при влезот во училиштето.

Ј. И на крај со вака предложениот ДУП за централното градско подрачје на Охрид истио е неприфатлив и се повеке ке наликува на провинцијален град а не град на Унеско.

Од овие причини жителите на Охрид се Против овај Предлог ДУП и ја покренуваат ова Иницијатива со потписи од Граганите за стопирање на овај предлог ДУП и покренување на постапка за заштита на Државната сопственост и Јавната Функција на ЗДравствениот Дом Маларична.


Цојкоски Ѓурѓи
Николовска Живка
Антоски Злата
Ангелоски Мирјана
Пасоски Јордан
Сошица Ласкоска Наумоска
Наташа Талевска
Климент Талевски
Кирил Талевски
Кирил Николовски
Марко Јумитовски
Лилјана Лазаркоска
Ангела Лазаркоска
Лазаркоски Благоја
Лазаркоски Јован
Лазаркоски Христијан
Лазаркоски Никола
Лазаркоска Стефанка
Лазаркоски Гоѓиче
Лазаркоски Климент
Крстаноски Илија
Крстаноска
Климка Цојкоска
Зоран Чајкоски
Светлана Чајкоски

Во при


Бојаноска Ирена
Даниел Крстаноски
Александра Крстаноска
Крстаноска Андријана
Симона Димоска С.
Гоце Димоски
Магдалена Димоска
Благојче Димоски Б.Д.
Гордана Димоска Ј.Д.
Илче Кочески
Вера Коческа К.В.


Богданоска Ирена
Александра Кратаноска
Кратаноска Андријана
Јованоски Методија
Јакимоска Соња
Димоски Раде
Димоски Дане
Симона Димоска
Гоце Димоски
Магдалена Димоска
Благојче Димоски
Гордана Димоска
Инге Коцески
Вера Коческа

ОХРИД SOS

**До:** **Општина Охрид**

**Предмет:** **Коментари кон Извештај за Стратегиска оцена за влијанието врз животната средина за Детален урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, Општина Охрид, плански период 2023-2028**

**Подносител:** **Граѓанска иницијатива Охрид SOS**

**Контакт:** ohridsos@gmail.com

**Датум:** **05 март 2025 г.**

Во прилог поднесуваме коментари кон Извештај за СОЖС и бараме да се одговори на секоја од точките и секој поединечен параграф во коментар 10, без оглед дали се работи за коментар во надлежност на Општина Охрид или на изработувачот на Извештајот за СОЖС. (Нашите коментари се со задебелени букви.)

1. **Општина Охрид постапува незконски со тоа што за овој ДУП нема обезбедено позитивно мислење од Комисијата за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион што е обврска согласно член 17 од *Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион* и кое мислење треба да биде составен дел на СОЖС. (Општината претходно беше одбивана од комисијата за добивање позитивно мислење кога се обидуваше да спроведе постапка за СОЖС без обезбедено мислење).**

2. Согласно ***Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (2023-2030),*** **државата веќе требаше да има Национална методологија за изработка на Оцена на влијание врз природно и културно наследство согласно „Водичот за оцена на влијанијата во контекст на светско наследство на УНЕСКО“ што би гарантирало дека оцените за влијанието се професионални и соодветни на потребите согласно вредностите на регионот и со тоа требаше да се стави крај на уништувањето на светското наследство на Охрид. Изработенатаа СОЖС не се води по методологијата на УНЕСКО и не содржи анализа на влијанието по светското наследство. Врз основа на која стручна експертиза оваа СОЖС може да се смета за релеванта во однос на утврдување на влијанието врз светското наследство?**

3. **Предметниот ДУП е во колизија со мерките за заштита пропишани во *Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029)*** (образложено во коментарите подолу). **Запрепастувачки и недозволиво е во делот за можни влијанија и мерки за ублажување во 8.1. на стр. 127 и 128 површно да се наведе потребата од почитување на Планот за управување, а да не се евидентира несоодветноста на предложената урбанизација со ДУП за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7.**

1

ОХРИД
SOS

**4. Извештајот за СОЖС делумно ги наведува законите по животната средина (стр. 85 - 87), а потоа и во табелата во 8.1. (стр. 123 - 130), но истите не ги доведува во врска и не ги зема како ризик фактор доволен за предлог ДУП-от да се подвргне на значителни измени што ја доведува во прашање професионалноста на овој документ.**

**Нејасна е неконзитентноста помеѓу препознаените негативни влијанија т.е. исклучително неповолната реална состојба и заклучокот дека предметниот ДУП може да се реализира.**

**Мерките за ублажување на влијанијата се непропорционални за штетата која ДУП-от ќе ја предизвика, а инстутционалната некомпетентност е во целост игнорирана како пресуден фактор за било каква примена на мерките.**

**СОЖС треба целосно да се ревидира за да може да се смета за релеванта оцена, а не само про-форма документ кој ќе придонесе за натамошно уништување на урбаната средина на Охрид и светското наследство воопшто.**

**5. Во извештајот за СОЖС недостасува посветена и стручна анализа на реалните состојби во контекст (1) на градот Охрид кој континуирано, со децении се (пре)урбанзира; (2) светското наследство кое е де-факто загрозено и се движи „кон точка од која нема враќање“ (констатирано од УНЕСКО уште во 2021 г.). Запрепастувачки е колку СОЖС успева да не ги констатира ризиците од реализацијата на предложениот ДУП по светското културно и природно наследство.**

6. Во Воведот, на страница 10 од документот, стои дека „планскиот опфат, според Планот за управување со светско природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски план за 2020-2029 год. (Сл. весник на РСМ бр. 45/20) припаѓа во III-а заштитна зона на природно наследство во која се забранети следните активности за заштита на природното наследство:

- изградба на инфраструктурни градби, освен кога проектите се од јавен интерес и кога за нив се спроведува стратегиска оцена и/или оцена за влијание врз животната средина и социјалните аспекти, како и оцена на влијанието врз културното наследство;

**На местото на здравствениот дом Маларична е предвидено да се гради огромна ПРИВАТНА зграда, која се коси со оваа точка, односно не е во никој случај објект од јавен интерес. Во таа катастарска парцела сега се наоѓаат објект од јавен интерес, познат како Маларична, изграден во 1927 година и веројатно најстар здравствен дом во Охрид и пошироко, кој има и историска вредност за градот, поврзана со дејноста на д-р Елена Етингер Каваева. До влезот на училиштето, има градска куќа со уникатен стил која е исто така изградена во 1927 година, и иако не е валоризирана, е дел од градителското наследство од XX век. Со планскиот опфат се уништува најголемиот дел од школскиот парк во ООУ „Григор Прличев“ со зголемувањето на обемот на објектот на детската градинка „Јасна Ристеска“ за повеќе од двојно ќе се уништи зеленилото и игралиштето, и трајно ќе се измени изгледот и конфигурацијата на овој дел од опфатот – се уништува јавно зеленило.**

- други активности што може да го нарушат пределот и да ги загрозат исклучителните вредности.

2

ОХРИД
SOS

Сите планирани активности опишани погоре го нарушуваат пределот и ги загрозуваат исклучителните вредности. Новата зграда треба да биде во висина на Гимназијата, или и повисока, со огромен обем кој целосно ќе го блокира и затвори сега отворениот простор, ќе се изгради практично еден бетонски ѕид. Маларична и школската зграда се на висина П+1 и скоро и не се чувствуваат во просторот, а дополнително градската куќа и градинката се помали, пониски објекти, исто така опкружени со зеленило. Влезот на училиштето од улицата „Димитар Влахов" каде има убав дрворед и изгледа како зелен коридор, ќе стане улица, која ќе води до паркинг, за чија изградба треба да се уништи училишниот парк кој претставува зелена бариера и простор за игра и настава со децении.

Предметниот ДУП се носи согласно Генералниот урбанистички план за Град Охрид за 2002-2012 кој веќе е застарен и најважно, не е усогласен со *Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029)* што државата (и општина Охрид како имател на доброто и носител на урбанистичките планови), имаат обврска да го направат согласно препораките на УНЕСКО.

Урбанизацијата со овој ДУП е директно на штета на автентичноста и интегритетот на културното наследство. Во *Планот за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029)*, за зоната каде припаѓа овој ДУП стои: „Во оваа зона ќе се применува мерката на урбана реконструкција, односно воспоставување состојба која ќе ги подобри условите за живеење и работа. При уредување на просторот прифатливи методи се обнова на постојните и изградба на нови градби со почитување на амбиенталните карактеристики на целината, традиционалните форми, карактеристиките на пејзажот и хармонијата на целината."

За оформување на споменатиот огромен станбен блок се врши спојување на дури 14 катастарски парцели во една градежна парцела, со цел постигнување на огромен габарит, што е во директна колизија со *Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион со Акциски План (2020-2029)*, каде изрично се забранува таа постапка. Имено, според Планот за управување, новите градби во втората и третата урбана зона (каде се наоѓа предметниот опфат) „треба да исполнат специфични аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури. Во таа смисла, се забранува окрупнување, односно создавање вештачка комбинација на неколку парцели за да се изгради голема градба.

7. Во главните цели на СОЖС, на страница 11 и 12 наведени се:

- Да обезбеди механизам за идентификација, опис, оценување и известување за влијанијата/ефектите на планскиот документ врз животната средина;

- Да се спречат, намалат и неутрализираат негативните влијанија врз животната средина. Зголемувањето на позитивните влијанија може, исто така, да биде придобивка од СОЖС процесот;

Со новиот плански опфат драстично се намалува урбаното зеленило (најблаго кажано) кое е во рамките на здравствениот дом (децениските стебла и страничните тревни површини), зеленилото во училиштето (безмалку целиот парк зад старата училишна

3

ОХРИД SOS

**зграда, влезот од улицата „Димитар Влахов" но и делови помеѓу двете училишни згради и кон средното економско и гимназијата) и зеленилото во градинката. Сегашниот отворен простор кај Маларична се заградува со огромен објект, непознато е колку и како ќе влијае на микроклимата во овој дел од градот. Како што е познато, Охрид е еден од најзагадените градови, следејќи ги мерењата. Зеленилото важи за филтер и заради тоа и се садело и се предвидело, особено во образовните објекти, но дополнително и кај околните јавни објекти, па и приватни. Тие паркови или зелени бариери ги апсорбираа на некој начин и издувните гасови од возилата кои се движат по околните улици и булеварот.**

**На парцелите е предвидено да се изгради станбена зграда со П+4 и вкупна изградена површина од 10.501 м2 (околу половина од просечната квадратурата што во Охрид се гради на годишно ниво, согласно податоците на Државниот завод за статистика). На местото на сега детската градинка „Јасна Ристеска" е предвидено трикратно зголемување на изградената површина (од 1.126 м2 на 3.202 м2) и уништување на сето зеленило, детски парк и игралиште, пред и од страната на објектот, која се граничи со Општинското основно училиште „Григор Прличев". Во графичкиот дел на овој ДУП од вкупната површина од 30.260 м2, за зелена површина се предвидени само 155 м2. Нема ниедна придобивка.**

**Како изработувачот на СОЖС пропуштил да ги утврди овие негативни влијанија?**

8. На страница 12 од документот се наведени придобивките од спроведување на стратегиската оцена на животната средина.

- Интегрирање на социјалните, економските и аспектите на животната средина;
- Земање предвид на националните, регионалните и локалните потреби и цели за иден развој;
- Земање предвид на целите за заштита на животната средина, во однос на планираните развојни цели;
- Обезбедување конзистентност со стратешките определби за одржлив развој;
- Добивање вистинити и реални информации, кои ќе помогнат во процесот на донесување одлуки.

**Нејасно е на кој начин се исполнуваат овие придобивки со СОЖС, која изгледа како проформа одобрување на еден исклучително лош урбанистички план. Како експерти од наведените области, се очекува изготвениот документ да даде реална проценка на можното влијание од дополнителна урбанизација на централното подрачје на Охрид, што во случајов не е сторено.**

**Во Правната рамка со која се регулира постапката за Стратегиска оцена на животната средина не е наведен ниту земен во вид *Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (2023-2030)*, како и Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион.**

9. На страница 16 стои „обемот на Извештајот за СОЖС ги опфаќа сите теми на животната средина, дефинирани со Директивата за СОЖС, односно население и човечко здравје,

4

ОХРИД SOS

биолошка разновидност, предел, воздух и климатски промени, води, почви, културно и природно наследство и материјални добра“.

**СОЖС само површно ги опфаќа наведените аспекти и согласно тоа дава нереална оцена.**

**- Со евентуална реализација на овој плански опфат се нарушува сè опишано. Со овој ДУП, нема сомнение, ќе се уништи целото постојно културно наследство во рамки на опфатот. Тој, всушност, истото воопшто не го ни препознава. Старата училишна зграда чии вредности се несомнени – од секоја училница на приземјето има директен излез кон сегашниот парк, со што на учениците им се овозможува настава во природа – се предвидува за рушење!**

**- Истата судбина ја дели и самиот објект на Маларичната амбуланта – цврсто вкоренет во колективната меморија на охриѓани.**

**- Уште поалармантно, доколку се дозволи реализација на овој штетен ДУП, Охрид и светот засекогаш ќе загубат еден прекрасен и уникатен објект граден во периодот помеѓу двете светски војни, во духот на еклектичната архитектура, инспирирана од европскиот класицизам и нео-стиловите, куќа-вила потоната во зеленило, украс на улицата „Димитар Влахов“, со која се поврзуваат во една целина објектите градени во сличен стил – низата куќи пред Општина Охрид и објектот на Гимназијата. Нејасно е како овој објект досега не бил соодветно валоризиран од надлежните установи – Управата за заштита на културното наследство и НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Охрид, превид кој, доколку истите веднаш не реагираат, ќе значи неповратна и ненадоместлива штета за Охрид и регионот.**

**- Се поставува прашањето, која е потребата за уште една огромна станбена зграда, кога во конкретниот урбан блок веќе е надминат планираниот број на жители, односно надминатата е планираната густина на населеност, согласно ГУП? Имено, во важечкиот ДУП за Поликлиника „Маларична“ – Охрид (донесен со Одлука бр. 07-344/18 од 28.02.2008 год.), предвидени се вкупно три објекти за колективно домување (намена А2) со катност П+3 и висина до венец од 13,2м. Веќе следната, 2009 година, со Локална Урбанистичка Планска Документација на еден од нив, лоциран на градежната парцела 1.1, КП бр. 15311/1, му се зголемува бруто развиената површина на дури 4970 м2, со височина до венец од 19,2м, односно катност П+5+Пк. Овој објект е веќе изведен.**

**- Сигурно дека изминативе децении парковите во градинката и училиштето, високите дрвја кај Маларична биле дом на многу врсти. Дали некој ја следел состојбата со биолошката разновидност и врз основа на што се заклучува дека уништувањето на деценииски дрвја нема да има влијание?**

**- Простор кој сега е растеретен од огромни згради, каде има релативно мал број на возила, каде престојуваат мал број луѓе (најмногу се мисли на здравствениот дом Маларична) сега треба да прерасне во огромен станбен објект, со десетици или стотици станови, чии сопственици ќе донесат моторни возила, за нив се предвидуваат паркинзи кои земаат дел од зеленилото на основното училиште. Се зголемува бучава, потенцијално зголемени концентрации на издувни гасови. Во училиштето и околните куќи има чешми кои вадат вода од подземни извори. Не е познато во која мера**

5

ОХРИД SOS

**изградба на огромна зграда за која би се копале длабоки темели, ќе влијае на тие подземни води, а СОЖС тоа воопшто не го адресира.**

10. Во точка 3.1 Краток преглед и содржина на планскиот документ, во делот Останати цели за изготвување на овој ДУП се уредување и организирање на просторот преку (меѓу другото):

- зголемување на стандардот на домувањето

**Со оглед на горенаведеното во нашиот коментар нејасно е како се зголемува стандардот на домувањето. Малку ли се десетиците активни градежни парцели во моментов во Охрид, за сега да треба да се одзема државно земјиште, да се уништува урбано зеленило и деценииски паркови околу образовни и јавни установи за да се направи еден огромен станбен објекти?**

**Прераспределбата на главно јавното земјиште за приватно станбено користење би резултирало со неповратна загуба на вредно јавно добро. Ова може да ги намали идните можности за јавни проекти, ќе ги ограничи зелените и комуналните простори во Охрид кој веќе страда од преурбанизација што беше потврдена и од Државниот завод за статистика при што околу 50% од становите во Охрид се ненаселени. Ваквиот тренд на урбанистичка промена кој веќе се случува со децении, а чијшто еклатантен пример е и предметниот ДУП, ризикува да ја продлабочи економската нееднаквост со тоа што ќе даде приоритет на приватната заработка пред поширокото јавно добро.**

- почитување на јавниот интерес

**Овде ни оддалеку не се почитува јавниот интерес. Која е потребата од отуѓување на државно земјиште, чија елементарна намена се подразбира дека била, е и мора да остане јавна? Кој и зошто иницирал промена на намената на земјиштето и промена на сопственоста, на крај, државно земјиште да биде отуѓено за да се изгради приватна станбена зграда? Притоа, да се загуби последниот остров урбано зеленило во централното градско подрачје на Охрид, а на децата од дури четири образовни установи во непосредна близина (градинка, основно и две средни училишта) засекогаш да им се одземе елементарното право на чист воздух и здрава животна средина, правото на слобода, јавен простор, училишен двор, небо и сонце? На кој начин со изградба на огромна ПРИВАТНА станбена зграда се почитува јавен интерес?**

- оформување на амбиентални целини

**На парцелите е предвидено да се изгради станбена зграда со П+4 и вкупна изградена површина од 10.501 м2 (околу половина од просечната квадратурата што во Охрид се гради на годишно ниво, согласно податоците на Државниот завод за статистика).**

**На местото на сега детската градинка „Јасна Ристеска“ е предвидено трикратно зголемување на изградената површина (од 1.126 м2 на 3.202 м2 од кои дозволено 40% за комерцијална намена) и уништување на сето зеленило, детски парк и игралиште, пред и од страната на објектот, која се граничи со Општинското основно училиште „Григор Прличев“.**

6

ОХРИД SOS

Новите (предвидени) градби, според *Планот за управување со природното и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029)* треба да имаат:

„- ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;

- габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро;

- улична гранична линија која ја следи линијата на постојните објекти;

- силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;

- висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите."

Јасно е дека *Планот за управување со природното и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029)* е апсолутно игнориран. Со предвидување на станбен објект - мега структура со уличен фронт долг над 100 м. особено не се обрнува „внимание на пропорциите." Амбиенталните целини кои егзистираат безмалку еден век (објектот на Маларична и старата градска куќа), но и објектите кои се дел од модерното архитектонско наследство (објектот на детската градинка и старата училишна зграда) засекогаш ќе бидат изгубени, доколку се реализира овој нов ДУП за овој плански опфат.

- почитување и надградување на пејсажните вредности

Со новиот ДУП воопшто не се почитува ништо од наведеното во планската програма, нити пак се надградуваат пејсажните вредности. Имаме огромна зграда која ќе го уништи сегашниот пејсаж на таа улица и ќе ја наруши „визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро". Предвидената мега - станбена структура на едниот крак би се протегала на улицата „Димитар Влахов" каде има низа репрезентативни објекти од почетокот на XX век, некои од нив прогласени за културно наследство. На другиот крак е на малата уличка наспроти зградата на Гимназијата, со која е на иста линија. Со овој ДУП ќе надвисне станбен блок со 16,2 метри висина. Толку од пејсажните вредности на овој опфат. Училиштето (старата училишна зграда) ќе го изгуби дневното светло, односно сонцето, а била дизајнирана училниците да се свртени на југ, кон парк и целосно осветлена страна. Изработувачот на СОЖС исто така не забележал дека предложениот ДУП е во колизија со „традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде (објектите) се градат".

- оформување на културен пејсаж

За каков културен пејсаж зборуваме? За уништување на Маларична и старата градска куќа кои датираат од 1927 година? За уништување на обејкти од македонската модерна, во авторство на познати охридски и македонски архитекти, кои на некој начин треба да се вклучени на листата архитектонско наследство од втората половина на XX век? Овој опфат заедно со полигонот за мали спортови и јавните објекти како Пензионерскиот дом, Црвен Крст, објектот на ФЗОМ и ПИОМ и семејните куќи важи за мирен, тивок, иако се наоѓа во централното градско подрачје. Меѓу нив и пред нив

7

ОХРИД SOS

**зеленило, дрвореди, два заштитени чинари. На конкретниот опфат највисокиот објект е П+1 и скоро и да не се чувствува дека отскокнува од околината.**

- почитување и валоризација на културното и градителското наследство

**Со овој ДУП се прави токму спротивното. Завод за заштита на спомениците од културата и музеј од Охрид сосема селективно ги заштитува или валоризира објектите на улицата „Димитар Влахов". Освен пар куќи после општинската зграда и Гимназијата, сите останати објекти кои заслужуваат заштита се препуштени сами на себе. Минатата година локален моќник наместо реставрација на стар објект, го урна и изгради еден нетипичен и визуелно лош објект. Минатиот месец се руши објект од 1932 година, при што се урна многу повеќе од кровот кој требало да се реновира. На истата улица се овие два примери. Погоре спомнавме за какво градителско наследство се работи на овој опфат, и што ќе се изгуби. Завод и музеј се соучесници во ова, намерно девалвирајќи уникатен објект од 1927 година, а дополнително не вклучувајќи други обејкти како културно и градителско наследство. Објектот на градинката е дело на Викторија и Димитар Зарчеви, познати охридски архитекти. Деновиве контактиравме со ќерката на Димитар Зарчев, која не беше запозната со новиот ДУП, а ни нејзиниот татко не е известен за планираните „измени" во катастарската парцела на градинката. Зошто не се консултирани авторите? Вака се случи во Скопје, за животта неколку архитекти и автори посведочија за уништување на нивните дела. Зошто во СОЖС не се предлага унапредување на средината преку насоки куќата да се заштити, наместо да се одобрува уништување на културното наследство?**

- почитување и подигнување на хуманоста во просторот и непречено движење на лица со инвалидност

На оваа линија на стр. 123 во делот за Можни влијанија од имплементацијата на Планот и мерки за намалување на влијанијата се наведува дека реализацијата на овој план „ќе отвори услови за хумано и урбано користење на просторот".

**Хуманоста на просторот не се подигнува со огромна ПРИВАТНА станбена зграда. Се отуѓува ДРЖАВНО земјиште и на местото на здравствен дом со брза помош се планира ОГРОМНА станбена зграда. Како овде да го дефинираме хуманото? Или уништувањето на стотици квадратни метри ЗЕЛЕНИЛО и неговата замена со асфалт, бетон, сивило претставува подигнување на хуманоста? Колку е хумано губењето на последниот остров урбано зеленило во централното градско подрачје на Охрид, а на децата од дури четири образовни установи во непосредна близина (градинка, основно и две средни училишта) засекогаш да им се одземе елементарното право на чист воздух и здрава животна средина, правото на слобода, јавен простор, училишен двор, небо и сонце?**

**Постојната инфраструктура секако дека треба да се прилагоди за непречено движење на лица со инвалидност. Како јавните тротоари, така и образовните објекти и јавните установи. Дел од нив се приземни и веќе постои можност за движење на овие лица. Како огромната зграда ќе придонесе за ова?**

- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето

8

ОХРИД SOS

**Новиот ДУП предвидува 0.5% за зелени површини што е далеку под законскиот минимум од 20%.**

**Со досегашните станбени згради веќе е надмината планираната густина на населеност согласно ГУП.**

**Донесувањето на овој ДУП е во спротивност со *Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион* и *Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020 – 2029).***

11. На слика 4 Графички прилози со плански решенија од претходно донесени урбанистички планови, на страница 25 се наоѓа ДУП за УЗ 2, УБ 2.3, опфат 7 изготвен во 2008 година од страна на А.Д. ЗУАС од Скопје, додека на слика 8 Синтезен план на страница 38 е поместен планот изготвен во 2023 година.

**Двете ситуации даваат сосема различен приказ. Во новиот план се чини како уште повеќе да се уништува урбаното зеленило, се зголемува обемот на објектот градинката, се градат нови делови кај училиштето, а паркингот наместо приватен сега е заведен како „комунална инфраструктура". Зеленилото е сведено на еден мал триаголник, означен со Д2.**

12. За градбите со основна класа на намена В1 - Образование и наука, предвидени се компатибилни намени во однос на основната класа на намена и тоа:

Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини, со максимален процент на застапеност од 20% во однос на основната класа на намена

**На синтезниот план нема намена Д3, нити на легендата нити на цртежот, а СОЖС треба на тоа да укаже.**

13. За градбите со основна класа на намена В2 - Здравствена и социјална заштита, предвидени се компатибилни намени во однос на основната класа на намена и тоа:

Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности, со максимален процент на застапеност од 40% во однос на основната класа на намена,

Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради, со максимален процент на застапеност од 40% во однос на основната класа на намена,

Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини, со максимален процент на застапеност од 40% во однос на основната класа на намена

**Дали тоа значи дека градинката ќе стане потстанар на својата катастарска парцела? Како е утдена потребата од комерцијални и деловни дејности? Врз основа на која анализа е утврдена потребата од дополнителни деловни објекти во ова подрачје? Се подигнува уште еден кат на градинката, веројатно оригиналниот објект ќе се руши, се зголемува повеќе од двојно обемот на објектот, за сметка на зеленилото и игралиштето. Повторно, никаде не гледаме намена Д3, туку максимално зголемување на изградениот простор за сметка на отворениот простор. Објект кој исклучиво е**

9

ОХРИД SOS

**наменет за престој на деца, сега ќе дозволи тука да влегуваат и возрасни. Дворот е уништува. Во Охрид, во централното подрачје има многу празни деловни објекти, кои со години стојат празни, зошто сега да се градат дополнителни единици за ваква намена? Со ова, се уништува интимноста и безбедноста која ја има градинката. Нејзините автори предвиделе помал објект вгнезден во зеленило од сите страни, занималните имаат излези во дворот, а градинката граничи со училиште и со дворови на индивидуални куќи, и самите со обилно зеленило, жива ограда и децениски стебла. Наместо да се заштити ова архитектонско наследство од 1971 година, тоа сега е планирано да го нема. Како изработувачот на СОЖС не го препознал штетното влијание на ваквата трансформација?**

14. На страница 30, во демографската анализа, стои дека „со Деталниот урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, општина Охрид се планираат 2 објекти со намена А2-Домување во згради со бруто развиена површина од 10564 m2".

**На парцелите е предвидено да се изгради станбена зграда (или два споени) со П+4 и вкупна изградена површина од 10.501 м2 (околу половина од просечната квадратурата што во Охрид се гради на годишно ниво, согласно податоците на Државниот завод за статистика). Згора на тоа, кој иако можеби нема да се приватизира, станува во фунција на приватен имот.**

15. За планираниот број на жители: 420 жители, може да се пресмета дека 4% ќе бидат деца на возраст од 1 до 6 години, односно 17 деца. За 60% од нив ќе се јави потреба да бидат згрижени во предучилишна установа, односно 10 деца кои би ја посетувале градинката „Јасна Ристеска", која се наоѓа во рамки на планскиот опфат.

**Каде ќе си играат тие деца? Во градинката која го губи безмалку целото зеленило и двор, заедно со малото игралиште? Во која ќе се изгради уште еден кат за комерцијални цели? Или децата кои би учеле во основното училиште сега ќе имаат поглед на огромен бетонски ѕид наместо на паркот и отвореното небо?**

**Зошто СОЖС не ја разгледува можноста голем дел од тие нови станови да бидат користени за комерцијална намена што е очигледен тренд со новите градби во Охрид? Каква би била состојбата со сообраќајот, бучавата, не само од возила туку и посетители во летниот период, отпад итн.?**

16. На истата страница, во делот Сообраќајно решение се спомнува „новопланирана пристапна улица ул. „ПР1" од југо-западна страна и ул. „107"."

**Училишниот влез од страната на „Димитар Влахов" заедно со дрворедот и зеленилото се уништува за да се направи УЛИЦА! Кон што? Кон паркингот на местото врз училишниот парк? Иако е со намена комунална инфраструктура, повеќе од очигледно е дека ќе го користат жителите на станбената зграда. Нејасно е зошто училиштето иницирало нов ДУП за да изгуби дел од својот двор, односно најбитниот – паркот позади старото училиште.**

10

ОХРИД SOS

17. На страница 34 стои дека „процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела 2.3.1, потребно е да изнесува минимум 20%." Истиот процент е и за парцелата 2.3.2 односно училиштето, каде обемот на објектот се зголемува (веројатно старата зграда ќе се руши) а дополнително е планирано поврзување на двете училишни згради кое ќе оди низ зелениот појас каде сега се наоѓа бистата на Прличев.

**Целото зеленило во градинката се сведува на 20% кога сега е повеќе од тоа? Овој процент во урбаното планирање има за цел да го ограничи максималниот минимум, а не да служи како насока за редуцирање на веќе многу поголема зелена површина. Тоа е спротивно на начеката на хумано планирање. Како ќе очекуваме здрав одгој на децата без игри и активности надвор? Станува збор за нашите најмали и најкревки сограѓани. Исто така и поголемите, учениците, губат огромен парк, зеленило, зелен коридор од еден од влезовите, дополнително за паркинг зелени делови кај котларата и позади спортската сала, и се стеснуваат само на бетонираниот дел, со минимално зеленило.**

**На парцелите каде е предвидена зграда, 2.3.3 и 2.3.4 предвиден е истиот процент зеленило. Значи, се изедначуваат и јавните и приватниот објект, на ист процент зеленило, наместо да се задржи обемот и процентот на постојното урбано зеленило кај градинката и училиштето, односно да се задржат и сите децениски стебла во делот на Маларична. Се сведува на тоа дека за да се постави приватен објект се менува целокупниот постојан изглед на околината. Изработувачот на СОЖС несмасно дава насоки за озеленување на просторот до 20% (стр. 124) со што:**

- **го игнорира фактот на постојната озеленетост на просторот кој е поголем од 20%;**

- **не го адресира проблемот со губењето зелени површини со реализцијата на предметниот ДУП.**

**Овде напоменуваме дека компензациските мерки не смеат да се користат како аргумент за уништување на деценски старо зеленило, а изработувачот на СОЖС добро знае дека квалитетот на повозрасните дрвја во однос на екосистемските услуги е неспоредлив со млади ластарки кои вообичаено се садат.**

18. Во точката 3.2 Предмет и главни цели на Планскиот документ на страница 39 е наведено следното:

-рационално уредување и користење на просторот кое обезбедува ефикасно зачувување на просторните ресурси, капацитети и природни добра

**Ова не е воопшто испочитувано, бидејќи не се зачувани просторните ресурси, капацитети и природни добра. Вцртано е огромно здание кое менува сè и е надвор од рационално уредување на просторот и тоа СОЖС треба да го евидентира.**

-создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните со меѓусебно усогласена и урамнотежена разместеност на човечките дејности и активности во просторот, како и хармоничен развој и заштита на интегралните вредности на просторот

**За какво хумано живеење станува збор? Со што се унапредуваат условите за хумано живеење, со уништување на илјадници квадратни метри зеленило, паркови, со**

11

ОХРИД SOS

**надградба на детската градинка за комерцијална намена, со огромна зграда на местото на Маларична? Просторот сега ја има урамнотежената разместеност, но со новиот ДУП целосно ќе ја изгуби. Објаснете како објект П+4 кој се протега на две улици ќе ги заштити интегралните вредности на просторот.**

-надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет и обезбедување на функционалната пристапност и мобилност помеѓу градбите и подрачјата во и помеѓу населените места на сите граѓани, особено на лицата со намалена или отежната подвижност, децата, постарите и други

**Ова може веднаш да се направи и на постојните објекти, здравствениот дом, училиштето, градинката. Приземните делови на овие објекти можеби и се прилагодени за лицата со намалена или отежната подвижност.**

-одржлив просторен развој обезбеден со разумно користење на просторот и заштита на природата, природните добра и животната средина, односно стратегија на одржливост која ќе обезбеди просторен развој што ќе ги превенира и одбегне ризиците од загадување и деградација на околината.

**Ова најверојатно е само формално поместено овде, по принциппот copy-paste кој е за жал воспоставен стандард. Со овој ДУП не постои ОДРЖЛИВ ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ, не постои РАЗУМНО КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ, најмалку ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА, ПРИРОДНИТЕ ДОБРА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА. Нема стратегија за одржливост туку има вметнување на приватните интереси во една кревка средина, и сето друго се прави само за да се адаптира просторот на нечии приватни потреби. Овој процес е очигледен, почнувајќи од отуѓувањето на државното земјиште за да се оформат градежни парцели, со намена приватни станбени објекти. Нема никаков просторен развој туку ќе придонесе токму за она што треба да се превенира и одбегне - РИЗИЦИ ОД ЗАГАДУВАЊЕ И ДЕГРАДАЦИЈА НА ОКОЛИНАТА.**

**Најголемиот дел од целите спомнати на страница 40, кои урбанистичкиот план како „основен развоен документ" треба да ги исполни, односно: „рационално користење на земјиштето, максимално вклопување на објектите и инфраструктурата со теренот, оформување препознатлива амбиентална целина, почитување и заштита на правото на човекот на работа, почитување и надградување на пејсажните вредности, оформување културен пејзаж, вградување пропратни содржини на основната наменска употреба на земјиштето, подигање хуманоста во просторот и непречено движење на хендикепираните лица, почитување и валоризација на културното и градителското наследство, вградување на мерки за заштита на природата и животната средина", со овој ДУП не се воопшто исполнети. Погоре во коментарите се наведени засебно за сите овие сегменти показатели и аргументирани укажувања.**

19. Во табелата на страница 43 како релевантен документ е земена Национална стратегија за одржлив развој (2009-2030), а во средната колона се спомнати:

- Обезбедување заштита на природата во Македонија базирана на принципите на „Натура 2000" мрежата преку засилена имплементација на Стратегијата за биолошка разновидност и Акциониот План;

12

ОХРИД SOS

- Промовирање нова мрежа за мониторинг на животната средина;

- Контрола на квалитетот на воздухот и да се намалат заканите по човековото здравје и функционирањето на екосистемите;

- Да се воведе управување со водните ресурси и да се намали загубата на вода и влијанието од загадувањето како основа за развој на планови за управување со речни корита;

**Во третата колона, како усогласеност е наведено дека „во Планската документација земен е предвид прифатениот концепт на Р.С. Македонија за одржлив развој, како начин кој води до економски напредок, социјална благосостојба и одржување рамнотежа во животната средина" но не е детално покажано како по секоја од горните потточки се усогласени или вградени во овој ДУП.**

**На таа линија, табелата за мониторинг приложена во табела 18 служи како извадок од учебник за општество во кое носителите на власта демонстрирале високо ниво на свест и одговорност за заштита на средината. Добро знаеме како охриѓани каков „мониторинг" досега се вршел и како се применувале мерките за ублажување на влијанијата. Зошто СОЖС не го зел во вид ризикот од постојните практики на работа туку се води од посакувани цели во документи кои не се реалзираат?**

20. На страница 46, како релевантен документ е земена Национална стратегија за животна средина и климатски промени, 2014-2020 (иако сме сега 2025 година). Тука, во средната колона е спомнато следно:

Главната цел на Национална стратегија за животна средина и климатски промени (нацрт) од аспект на одржлив развој е насочена кон подобрување на целокупниот квалитет на живот и избегнување на трајни штети врз животната средина. Од аспект на заштита на животната средина, целта е да се зачува и подобри квалитетот на водата, воздухот и почвата во Република Македонија, да се зачува постојната биолошка разновидност и природните ресурси. Од аспект на климатските промени целта на Стратегијата е да се намалат нивните негативни влијанија.

**Во третата колона стои дека „целите на урбанистичкиот проект се во насока на подобрување на квалитетот на живот, со примена на мерки за заштита на животната средина". На кој начин се штити животната средина, со изградба на огромен бетонски објект и уништување на безмалку целото постојно зеленило? Преку кои параметри е дојдено до ваков заклучок? Кои се тие мерки за заштита?**

21. На истата страница, како релевантен документ е наведена Национална стратегија за биолошка разновидност со акционен план, (2018-2023), чии главни цели се:

- Намалување на директните и индиректните притисоци врз биолошката разновидност;

- Подобрување на статусот на биолошката разновидност преку зачувување на екосистемите, видовите и генетската разновидност заради зголемување на придобивките од биолошката разновидност и екосистемските услуги.

Во третата колона е наведено дека „ Со Детален Урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7 се предвидува уредување на земјиштето, намената и сл. во плански опфат, кој се наоѓа во

13

граници на ГУП за град Охрид. Подрачјето е веќе урбанизирано, поради што директните притисоци врз биолошката разновидност нема.“

На иста линија е и оцената на влијанието на стр. 127.

**Врз основа на кои истражувања е дојдено до овој заклучок дека НЕМА директни притисоци врз биолошката разновидност? Како со драстично намалување на зеленилото на 155 м2 овој ДУП ќе придонесе за намалување на притисоците врз биолошката разност и екосистемските услуги на дрвјата конкретно? И во урбаните средини егзистираат животински и растителни врсти кои се во одредена симбиоза. Дали некој го истражувал овој опфат, во кој значителен дел е урбано зеленило, кое е поврзано? Од средното економско училиште до Маларична има зелен појас кој е дом на многу глодари, мали цицачи, инсекти. Треба да се земе во вид кумулативното влијание од кубењето на зелените острови во урбаните средини на Охрид. Бараме СОЖС да ги вметне и соодветно да ги анализира.**

22. И покрај тоа, со зголемување на процентот на класата на намена А2 домување во станбени згради ќе доведе до зголемување на бројот на жители во границите на ДУП, а со тоа и зголемување на потребата од водоснабдување, генерирање отпадни води и отпад кои може да предизвикаат индиректен притисок врз биолошката разновидност, односно Охридското Езеро, кое е прогласено за споменик на природата.

**Овде се чини за првпат (иако доста благо) е наведена одредена негативна страна од предложениот ДУП, но е спомнат само еден сегмент, односно отпадните води и отпадот и нивниот индиректен (а зошто не и директен) притисок врз Охридското Езеро. Да, уште еден огромен објект, и дополнителни количини отпадни води во колекторски ситем кој не е проектиран за толкав обем на урбан развој. Воедно тој не се целосно фунционален, а излевања при обилни врнежи се сè уште редовна појава. Изработувачот на СОЖС треба да го адресира реалниот проблем со колекторот во насока на одобрување на ДУП-от особено што „Нефункционалност на колекторскиот систем“ го препознал како закана врз медиумите на животната средина на стр. 86. Дополнително што препознава дека „Охридското Езеро е реципиент на отпадни атмосферски води и отпадни комунални води од кои дел воопшто не се пречистуваат“, но не го доведува во врска со зголемувањето на урбанизацијата со овој ДУП, во централното градско подрачје каде концентрацијата на посетители е најголема.**

23. На страница 47 како релевантен документ е наведен Планот за управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029), а како усогласеност, во третата колона стои дека „при изработката на Планската документација земени се предвид барањата на управување со Светското природно и културното наследство на Охридскиот Регион (2020 - 2029) и истите се инкорпорирани во Детален Урбанистички план за УЗ 2, УБ 2.3 – опфат 7, Општина Охрид.“

**Кои барања се инкорпорирани? Каде се инкорпорирани? Да се наведе конкретно кои од барањата за управување со Светското наследство се спроведени во планот и тоа по секоја од долунаведените во точка 2, извадени од Планот за управување.**

14

ОХРИД SOS

**Во реалност, овој ДУП НЕ ГИ ПОЧИТУВА мерките за заштита утврдени со Планот за управување по неколку основи и тоа:**

1. **Со Планот се забранува окрупнување, односно создавање вештачка комбинација на неколку парцели за да се изгради голема градба. За оформување на споменатиот огромен станбен блок се врши спојување на дури 14 катастарски парцели во една градежна парцела, со цел постигнување на огромен габарит.**
2. **Според Планот за управување, новите градби во втората и третата урбана зона (каде се наоѓа предметниот ДУП) „треба да исполнат специфични аспекти со кои ќе бидат испочитувани културните вредности и традиции на историската област, како и условите на постојните структури". Воедно, новите градби треба да имаат:**

   **- ритам кој е во хармонија со урбаниот и морфолошкиот образец на околните градби доколку се поединечно заштитено добро или поседуваат амбиентални вредности;**

   **- габарит кој е усогласен со контекстот и не ја нарушува визуелната перцепција кон целината Старо градско јадро;**

   **- улична гранична линија која ја следи линијата на постојните објекти;**

   **- силуета која го почитува традиционалниот локален карактер и силуетата на просторот каде се градат;**

   **- висок квалитет на градба и дизајн, кој се постигнува со особено внимание на пропорциите."**

24. „Исто така, во Планската документација се пропишани и мерки за заштита на природното и културното наследство на Охридскиот Регион."

**Кои се тие мерки за заштита? Рушење на стара градска куќа изградена пред безмалку еден век која со своите специфики де факто припаѓа на архитектонското наследство од XX век? Рушење на објектот на Маларична кој е исто така изграден пред еден век и каде делувала д-р Елена Етингер Каваева, една од основоположниците на современата македонска педијатрија? Уништување на амбиенталните вредности на овој единствен простор кој се карактеризираа со стари примероци на градската архитектура – куќи со двор? Губење на автентичноста на Охрид? Наведете конкретно.**

25. На страница 48 како релевантен документ во табелата е наведена Програмата за развој на Југозападниот плански регион (2021-2026), во чии среднорочни цели се спомнуваат меѓу другите и: унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија.

**На кој начин се унапредува туризмот, со уништување на урбано зеленило и објекти кои се дел од културното наследство (иако можеби не се досега формално валоризирани, но тоа брзо и лесно може да се направи)? Што сакаат да видат гостите, особено во централното градско подрачје – објекти со историја, зелени дворови од приватни или**

15

ОХРИД SOS

**јавни објекти, релативно мирни улици или огромни бетонски зданија, паркинзи? Како се заштитува животната средина со уништување на урбаното зеленило? Да се образложи.**

26. На истата страница како релевантен документ е наведен Просторниот План на Охридско Преспанскиот Регион 2005-2020, кој има за цел „ создавање на порационална организација на различните видови на користење на земјиштето, како и нивна меѓусебна поврзаност, со што би требало да се избалансираат потребите од социо-економски развој, заштита на животната средина и нивото на техничката опременост на просторот."

Како усогласеност, во третата колона е наведено дека „изработката на планската документација претставува исполнување на целите за просторен развој на регионот, заштита на биолошката и пределската разновидност, односно природното наследство. Концепцијата за просторно планирање на Општина Охрид се темели на основните принципи, развојни цели и одредби, дефинирани во Просторниот План за Регионот."

**Еден куп небулози, само формално напишани фрази кои во суштина нема да се испочитуваат. Не е прецизирано на кој начин може зголемената урбанизација да ги исполни целите, особено за заштита на биолошката и пределската разновидност. На кои основни принципи се темели просторното планирање на Општина Охрид, кога за приватни цели се одзема државно земјиште на кое се наоѓаат здравствена установа, градинка и основно училиште, но и помали државни парцели кои со овој план се даваат на приватната парцела? Зошто не е земен во вид фактот дека Просторниот план исто така како и ГУП за Охрид се застарени и не се усогласени со Планот за управување што е законска обврска на државата односно општината?**

27. На страница 49 како релевантен документ е наведен Регионалниот план за управување со отпад на Југозападен плански регион. Во планскиот опфат се предвидува поставување контејнери за собирање на комунален отпад, со цел спречување на негативните влијанија од отпадот и правилно управување со истиот.

**Уште една локација каде од релативно мал обем на отпад, ќе се зголеми со изградба на планираниот објект и новите 420 постојани жители. Охрид нема депонии кои работат по одредени европски или светски стандарди, има две нестандардни ѓубришта кои се жариште на загадување на воздухот и подземните води, на најниско ниво е селекцијата и редуцирањето на отпадот а и навиките на граѓаните, иако има посебни контејнери за селекција најчесто се фрла сè на едно место. Не е изградена нити регионалната депонија за југозападниот регион, иако тоа веќе одамна требаше да се направи, и да се затвори Буково.**

28. На истата страница како релевантен документ е наведен Локалниот еколошки акционен план на општина Охрид (2019 - 2025), како примарни цели се наведени:

- Спроведување барања за заштита на животната средина на локално ниво;

- Интегрирање на политиката за заштита на животната средина во останатите секторски политики;

16

ОХРИД SOS

- Поттикнување на сите субјекти кон поголема одговорност за заштитата на животната средина, особено јавноста;

- Промовирање на еколошки одржлив пристап во сите сфери на делување на Општината;

- Продолжување на процесот на приближување кон политиките на Европската унија во областа на животната средина, на локално ниво;

- Спроведување на барањата за заштита и управување со светското природно наследство како дел од Охридскиот УНЕСКО Регион;

- Обезбедување финансиски средства за решавање на приоритетните еколошки проблеми итн.

Како усогласеност стои дека „целите на Планската документација се во директна врска со целите на ЛЕАП на општина Охрид, особено во делот кој се однесува на спроведување на барањата за заштита и унапредување на светското природно и културно наследство како дел од Охридскиот УНЕСКО Регион и интегрирање на политиката за заштита на животната средина."

**Како со овој план се заштитува животната средина? Се чини како само да се повторуваат истите или слични фрази во третата колона, кај различни релевантни документи, без детално образложување, само наведено во пар реченици. Дали со овој ДУП се поттикнува поголема одговорност за заштита на животната средина? Кој ќе се поттикне, оној што ќе го гради огромниот објект? Како со овој ДУП се промовира одржлив еколошки пристап? Зарем сериозно со еден ваков план се приближуваме кон политиките на ЕУ во областа на животната средина? Истата онаа ЕУ каде милионски главни градови, или значајни места ги прават градските центри за пешаци и велосипедисти, каде сообраќајници се претвораат во зелени зони или пешачки зони? На кој начин се спроведуваат барањата и препораките на УНЕСКО за заштита на природното и културно наследство? Сериозно изработена СОЖС ова треба да го аргументира.**

29. На страница 50, како релевантен документ е спомната Стратегијата за локален економски развој 2007, каде една од спомнатите стратешки цели за тематска област – Инфраструктура и заштита на животна средина (сообраќајна и комунална, урбано и просторно планирање) е „воспоставување механизам за ефикасно управување со инфраструктурата и интегрална заштита и управување со животната средина, светското природно и културно наследство почитувајќи ги законските регулативи и обврските превземени со потпишување на досието со УНЕСКО". Дополнително, на следната страница се поместени и стратешки цели за тематска област - Култура, културно-историско и природно наследство, како:

- Засилена иницијатива за донесување на закон за Охрид;

- Изградба и подобрување на инфраструктурните, техничките и кадровски капацитети;

- Засилена, координирана и зголемена промоција и презентација на културното и природното богатство и културните настани;

17

ОХРИД SOS

- Нови форми и активности за координиран и одржлив развој на културното и природното наследство.

**Од сето ова, како усогласување единствено е спомнато дека „со планот е предвидено изградба на сепаратна канализациона мрежа за зафаќање на отпадните води, што е во насока на заштита и унапредување на светското природно и културно наследство како дел од Охридскиот УНЕСКО Регион", но ништо повеќе. Не е спомнато дека овој ДУП не е во согласност со Планот на управување, по многу основи, не е во согласност со многу од препораките на УНЕСКО, на крај ниту во согласност со она погоре спомнато во Стратегијата за локален економски развој, а што се однесува на природното и културно наследство на Охридскиот Регион. Најпосле, дали Стратегијата за локален економски развој 2007 е разгледана од аспект на усогласеност со целите за заштита и зачувување на светското наследство?**

30. На страница 52 како релевантен документ е наведена Стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид 2020. „Основната цел на туризмот во Општина Охрид е одржливиот развој со примена на принципите на УНЕСКО. Туризмот треба биде фактор на функционална туристичка дестинација, основа за креирање на туристички производи конкурентни на туристичкиот пазар и иновативни и квалитетни солуции.

Клучни стратешки цели:

- Охрид како туристичка дестинација да се потпира на заштитата и унапредувањето на животната средина како основна развојна компонента при што управувањето со капацитетот на просторот, отворениот инвестициски процес и туристичката инфраструктура ќе бидат од приоритетно значење.

- Компетенциите, иновациите и квалитетот да овозможат користење на прифатлива јавна свест за значењето на туризмот, а низ подобрен едукативен, комуникативен и управувачки процес, да се дојде до позитивни ефекти од развојот на туризмот.

- Креирање на туристички производи како плод на туристичките вредности на Општина Охрид низ кои придобивки ќе имаат засегнатите страни преку кооперативни партнерства."

**Овде се забележува дека „целите на Планската документација не се во директна врска со целите на Стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид, но имплементацијата на планските содржини може да бидат во насока на подобрување на туризмот, како резултат на обезбедување на сместувачки капацитети и соодветна здравствена заштита." Да, би имале голем број станови кои би можеле да се искористат како сместувачки капацитет. Дали е нааправена анализа за потребата од дополнителни сместувачки капацитети? Колку и од кој тип? Што се случи со одржливиот туризам? Здравствена заштита? На оваа локација ќе нема ни брза помош ни услуги од примарно здравство и стоматологија, бидејќи Маларична се планира да се сруши. На кој начин ќе се подобри туризмот, не е објаснето.**

**И наајважно, изработувачот на СОЖС треба да знае дека Стратегијата за развој на туризмот на општина Охрид не е усвоен документ, нема правна сила, не поминал низ процесот на одобрување во Центарот за светско наследство и следствено не смее да се зема како релевантен документ.**

18

ОХРИД
SOS

31. На истата страница, најдолу, како релевантен документ е наведена Стратегијата за развој на зеленило на Општина Охрид 2023 – 2032, во која цел е исполнување на визијата, Охрид да стане одржлив „зелен град", со мрежа висококвалитетни и атрактивни зелени површини, што ќе придонесе за благосостојбата и здравјето на сите граѓани и посетители, притоа зачувувајќи ја животната средина и биодиверзитетот. Со исполнување на визијата, ќе се задоволи и законската обврска за 25 m2 по глава на жител.

Стратешките цели за исполнување на Стратегијата се:

- Да се претвори сивото во зелено;

- Зеленило за сите;

- Зелени кровови и ѕидови;

- Да ја донесеме природата во градот;

- Да зазеленуваме заедно.

**Најавениот „зелен град" никако да го видиме, Охрид нема зелен катастар, а во меѓувреме скоро секојдневно се сечат деценициски стебла на јавните површини, уличните дрвореди, во училишните дворови, помеѓу станбените згради без никаква транспарентност. Се губат некогашните зелени дворови каде се градат нови поголеми објекти, кои зафаќаат скоро 100% од дадената катастарска парцела. Одредени делови на влезот и излезот од градот, кои некогаш беа ниви и овоштарници, ливади, сега се нови населби. Само една проверка на Google Earth открива колку е редуцирано зеленилото во градот, само во изминативе две децении. Како СОЖС го разбира уништувањето на дeцениските дрвја и зеленило од школски дворови со исполнување на целите за одржлив „зелен град"?**

32. Усогласеност: Со планот се дава препорака дека процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела, потребно е да изнесува минимум 20%.

**Она што е фрапантно е што со овој ДУП би се уништил скоро целиот зазеленет (со деценски стари дрвја) школски двор на ООУ „Григор Прличев" - нешто што е неопходно за секоја образовна, но и воопшто средина на живеење. На околу 1.000 до 2.000 м2 одземени од школскиот двор (КП 14987) ќе никне паркинг кој треба да го опслужува предимензионираниот станбен блок. Во синтезниот план се гледа дека од вкупната површина на ДУП-от од 30.260 м2, за заштитно зеленило се предвидени само 155 м2. кој иако можеби нема да се приватизира, станува во функција на приватен имот. Зошто СОЖС не го адресира овој проблем?**

33. Неусогласеност: Планот не е во корелација со целите на Стратегијата за развој на зеленило на Општина Охрид, бидејќи со планот се предвидува зголемување на процентот на домување во згради а со тоа и зголемување на бројот на жители и намалување на процентот на неизградено земјиште во границите на планскиот опфат.

**Ова е првпат да видиме да стои НЕУСОГЛАСЕНОСТ со некој релевантен документ. Со други зборови, планот е обратнопропорционален на стратегијата. Или не ја почитува.**

19

ОХРИД SOS

**Според тоа не е онаков план како што сакаат подносителите да го прикажат. Зошто СОЖС не го адресирaa овој проблем и препорача зачувување на зеленилото?**

34. На крај, на страница 53, како релевантен документ е наведен Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за Општина Охрид за период 2023-2027. Цел на планот за подобрување на квалитетот на воздухот е "до 2030 година значително да се намали бројот на смртни случаи и заболувања од опасни хемикалии од воздух, загадување на вода и почва" како и целта 11.6 ("до 2030 година, да се намали негативното влијание од животната средина во градовите по глава на жител, вклучително и со посебно внимание на квалитетот на воздухот и управувањето со комуналниот и другиот отпад").

Неусогласеност: Планот не е во корелација со целите на Планот за подобрување на квалитетот на воздухот, бидејќи со Планот се предвидува зголемување на процентот на домување во згради, односно зголемување на бројот на жители во границите на планскиот опфат, а намалување на процентот на неизградено земјиште.

**СОЖС треба да гоземе ова во вид при давањето насоки за реализација на нов ДУП.**

35. **Во поглавје 5, точка 5.1, во Здравјето на населението треба да се додаде и загадувањето на воздухот кое во зимските месеци редовно ги надминува дозволените граници на PM 2,5 честичките.**

36. **Табелата на страна 86 во делот за Биолошка разновидност и природно наследство треба да се дополни со:**

- **(навистина) последениот извештај на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО од 2024 година**
- **извештајот на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО од 2020 година**
- **Препораките на Постојниот комитет на Бернската конвенција**
- **Стратегискиот план за рехабилитација на природното и културното наследство на Охридскиот регион (2023-2030)**

37. На страна 88, стои дека без имплементација на овој ДУП „ќе бидат намалени можностите за вработување, подобрување на стандардот на живеење, социјален и економски развој на населението, што може да резултира со иселувањето на населението."

**Врз основа на кои анализи се констатира дека со реализацијата на овој ДУП вработеноста ќе се зголеми? Изградбата на деловни простори во контекст на Охрид, каде веќе има многу празни деловни простори не значи нови вработувања. Корелацијата не значи и каузалитет – ваквите скокови кон заклучоци се несмасни и научно незасновани.**

20

ОХРИД SOS

38. На стр. 115 стои дека „Водена од овие уставни одредби, Република Македонија воспоставува функционален и ефикасен национален систем за управување со животната средина“.

**Ова е невистинито наведување и треба да се коригира согласно годишните извештаи на Европската комисија, Препораките на постојниот комитет на Бернската конвенција и извештаите на Реактивната мониторинг мисија на УНЕСКО.**

39. На стр. 123 стои дека „од имплементацијата на Планот не се очекуваат економски загуби на населението“.

**Упатуваме СОЖС серизоно за ја разгледа економската загуба од преголема урбанизација, губење на екосистемските услуги, зголемо загадување и потребата од ремедијација, паѓањето на вредноста на недвижностите од намалена бистрина на Охридското Езеро, негативните влијанија по природното и културното наследство и ризикот од ставање на листата на загрозено светско наследство на УНЕСКО.**

**40. Невистинита е констатацијата на стр. 132 дека „Во границите на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство“. Погоре е образложена вредноста на куќата од почетокот на XX век која во квалитетна оцена на влијанието требало да биде препознаена. А, згора на тоа со ваквата констатација се игнорира фактот дека опфатот е составен дел на целината на светското културното наследство и како таков игра улога во неговата автентичност и интегритет. Констатацијата погоре наведува кон допуштање на активности кои не би смеело да се допуштат.**

**41. Во СОЖС на стр. 132 стои дека со имплементацијата на овој ДУП ќе се влијае на „намалување на ризиците од непланско уредување на просторот со некомпатибилни содржини или узурпација на просторот“. Ваквите повторувања се темелат на застарена и лажна логика која треба да го турка градот во бетонирање на секоја педа. Постојат правни механизми за спречување на непланско уредување и узурпација. Сериозна анализа не би смеела да си допушти оправдување на преурбанизација со ваков аргумент.**

21